СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Второто продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јули 1997 година

Скопје, јули 1997 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД (СЕДУМДЕСЕТ И ПРВАТА) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 8 ЈУЛИ 1997 ГОДИНА**

Дискутанти:

Дневен ред – стр.1:

Т.-4, стр.1- Предл.за донес.на Закон за употр.на знамињата преку кои прип.на национал.во РМ го изр.свој идентитет и нац. особенссти

1. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 144
2. ГОШВЕ ТУШЕ – 56, 58
3. ДАНЕВСКИ СДОБДАН – 93
4. ИБРАИМИ САМИ - 45, 48
5. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 64, 65
6. КАРОВ ЗВОНК - 137
7. КАДРИУ ЗЕЌИР - 81, 83
8. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 98, 106, 107, 109, 112
9. МИШКОВ ЉУПЧО - 49, 60
10. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 111
11. МИНОВ ПАНЧО - 62
12. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 118
13. МАЛИЧИ НАЗМИ - 91, 92
14. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 121 ( води сед,)
15. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 101
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 17.. (води седн.)
17. ПУРДЕ НАЏИ - 2, 128, 130
18. ПРУСИ АБДУРАУФ - 42
19. РАМАДАНИ ХИСЕН - 125
20. РАМАДАНИ САЛИ - 5, 9, 16, 17, 59, 61, 88, 89, 90, 91, 113, 119, 133, 134, 140.
21. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 34, 36
22. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 70, 143, 144
23. СТОЈАНСВСНИ НАЌЕ - 18, 23, 136, 138
24. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 48, 103, 105, 142
25. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 66
26. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 74, 111, 110
27. СТРЕЗОСКИ ЃОРЃИ - 144 ( чита )
28. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 78
29. СПАСОВ ЃОРЃИ - (мин. за правда ) 97, 98, 104, 105, 108, 109, 113 115, 118, 119
    122, 123, 124, 126, 130, 132, 135, 139, 142
30. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 27, 29
31. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 116
32. ТУДА РАМИ - 126, 142
33. ХАСИПИ КЕНАН - 71, 73, 115, 131, 138
34. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА - 48 (води седн.)
35. ШАКИРИ ХИСНИ - 121, 124

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Седумдесет и правата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 8 јули 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 13,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Седумдесет и правата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Драгољуб Поповиќ, Љубомир Чадиковски, Симон Наумоски, Зоран Шапуриќ, Теодосија Паунов, Петре Трајановски, Јован Лазаров и Никола Г. Поповски ме информираа дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството од пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во Ваше и во мое име да им го честитам роденденот на пратениците Илија Каров и Владимир Соколовски и да им посакам добро здравје и многу среќа во животот.

Продолжуваме со точката 4.

Претрес по предлогот за донесување на закон за употреба на знамињата преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености.

Според редоследот на пријавените дискутанти, има збор господин Наџи Пурде.

I/2 ПЈ/НД.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Господине претседателе, господине министре, почитувани пратеници

Пред да почнам со моето излагање, ќе поставам едно прашање за кое ниту барам одговор, зашто се подразбира. Зошто било кое барање на албанците што се однесува за подобрување на нивниот политички статус во рамките на Република Македонија, се третира како закана за Републикава, како закана за нејзиниот суверенитет и територијалниот интегритет. Ако се мисли дека со ограничувањето на правата на албанците било индивидуално или колективни права, ќе се создава една појака и посовремена македонска држава, тогаш ред е албанците да се откажат од тие барања и доброволно и чесно како тотални и јавни губитници да си се повлечат под сенка. Ако се анализираат состојбите во нашето политичко поднебје во блиското минато и сега, не би било пожелно да се оди под сенка. Зошто сите направени чекори до сега за решавање на актуелните проблеми чекор по чекор, не само што не е направен ниеден чекор напред, туку во споредба со реалноста се направени десет чекори назад и сума сумарум не е решен ниеден проблем. Сериозните работи бараат сериозен пристап кон нивното решавање. Секојдневно сме сведоци дека ако се прави спротивното, резултатите се лоши и со лоши последици. Ако претендираме кон демократијата таа мора да биде стварна и содржајна, како што налагаат нејзините принципи. Зашто, и таа се базира врз некои правила, сакал или нејќеле мора да се прифатат, со тоа што ако го правиме спротивното тогаш паѓаме во контрадикција, со тоа што мораме да го направиме и ќе бидеме антиподи од она што е императив на времето без задни намери и со посебни калкулации. Колку што јас мислам ние албанците низ векови сме биле за толеранција, а и понатаму ќе бидеме. Но, за да биде толеранцијата валидна и комплетна треба малку да се гледа вистината

во очи. Да не се играме со зборовите високи европски стандарди за решавање на горјпивите проблеми, кога и самите отворено гледаме, јасно и гласно слушаме дека тие решавања не се гледаат на хоризонтот, а камоли да бидат меѓу нас. Да не се маскираме под зборовите малцински права кога реалноста во времето и просторот бара сосема друго, поадекватен, посолиден, порационален приод кон тие вистини, секако, ако имаме добар вид да ги видиме и добар слух да ги слушаме.

Со елеганција на перфидност во ова време кога секој човек во својот џеп има ако не голем, барем едно мало кантарче, не можат да се прескокнат барем некои вистини кои се видливи и уочливи за секој од нас кој има мала доза на резонирање. Подобро е за сите нас да не измислувам некои црвени линии, зошто во стварноста за овие работи црвената линија не постои. Не постои она до каде може да се оди. Едно непотребно имитирање,зошто тоа што е, тука е, по малку болна вистина, но присутна во нашиот простор и време. А Европа и Америка ја познаваат нашата стварност можеби подобро од нас. Крајностите подобро е да ги оставиме настрана. Подобро е да се создава една толерантна атмосфера, отколку да ги потпалуваме чувствата, да најдеме сили во нас, а кај секој човек помалку или повеќе постои тоа, да го совладаме негативното.

Јас повеќе би рекол ако го решиме овој проблем денес не треба да се чувствуваме победници или победени, губитници или добитници туку да бидеме смели за едно смело решение со взаемно разбирање, со длабоко уверување дека правиме едно добро дело. На зборот демократија му даваме една посовремена димензија, посовремено значење, кое во исто време е и императив без кој не се може.

Во Предлог законот на Владата на Република Македонија за знамињата на националностите се гледа една доза на рестриктивност за нивната употреба. По моето убедување таа рестриктивност се уочува со

покрај државното знаме пред седиштето на локалната самоуправа може, ако тоа се подразбира, барем јас така го разбирам, а и не мора да се истакне и знамето преку кое припадниците итн. Затоа, не личи на милосрдие на таканаречена широка градност.

Во членот 6 се предвидуваат доста високи казни за непослушност од 50.000, 200.000, 30.000 денари итн.

Јас се прашувам до кога ќе се служиме и до каде ќе стигнеме со казни и закани. Тоа веднаш ме асоцира на минатото кога луѓето а нарочно младите албанци се казнуваа со законски казни. Еден пример, за еден прстен гравиран со двоглав орел на 5 години лишење од слобода е казнет еден млад човек и тоа со присилна работа. Сега тој човек е жител на Скопје доктор на науки и ги издржа сите пет години до последниот ден. Кога ќе се одвикнеме од овие респресивни методи, а би требало да се одвикнеме зошто живееме во едно друго време, кое време ја бара и својата идентификација да го докаже спротивното. Да докаже дека новите ветрови можат да пробиваат и во нашето поднебје.

Познато ни е дека Законот за употреба на знамињата на националностите од 1973 година беше многу полиберален, далеку поширок од овој што се предлага, иако беше времето на едноумие, но употребата на знамињата не се ограничуваше само на еден локалитет и во приватниот живот. Во споредба со тој закон, овој закон што се предлага се оди не само со еден, со многу чекори station наназад. Зар ни е толку тешко да погледнеме малку околу нас Романија, Унгарија, Украина, Саксонија, во Федерална Република Германија каде што знамињата и другите национални симболи се третираат како симболи за зближување на луѓето и нивното меѓусебно разбирање некој ќе рече ние имаме наши македонски закони и нам не не интересира законите од други држави. Меѓутоа, пожелно е а и потребно да се гледа и на другата страна на медалот. Тоа што старите римјани рекле audiatur et altera pars, да се погледне и другата страна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Би го повторил накратко нешто што реков пред неколку седници дека писателот Петро Марко како мото во својата книга Астала виста на шпански односно довидување на македонски како мото го зел еден од најпознатите мисли на Шандор Петефи, а тој како што знаете е еден од најпознатите унгарски писатели дека за љубовта го давам животот додека за татковината и љубовта. Тоа што го кажал тогаш важи и денеска дека сакам се што е добро, значи и народот и мојот и другите не мразам никого и јазикот и универзитетот во Тетово, посебно, и знамето и на албанците и на другите народи од целиот свет, па и на Македонија и моите деца трите, меѓутоа верувате ли или не, можеби ќе имаат забелешка другите насекаде, некако ни лежи во срцето над сите овие и над се ја сакам вистината. Вистината, навистина, по малку е горка но е горда. Е, сега кога зборувам за проблеми со кои се соочуваат сите граѓани во Република Македонија сакал некој или не тоа да го признае, можеби не е скромно, ми се чини колку што го мерам пулсот кај граѓаните од цела Македонија не само кај албанците, туку и кај македонците и кај другите, ми се чини и< извинете дека 90% од цела Македонија ме почитуваат и дека се со мене. Колку тоа ќе биде точно ќе покаже вистината и иднината. Меѓутоа, кога се зборува за овие осетливи проблеми, како што разговараме веќе три дена постои мала опасност,а затоа во прв ред вината мислам дека ја имаат луѓето кои се од власта, владеачката партија на СДСМ, меѓутоа и поедини кругови било тоа во Парламентот или вон Парламентот, можеби создаваат една таква атмосфера, луѓето да влеат еве, кога се зборува за ТАТ, а јас го кажав моето мислење и спремен сум кога ќе дојде некога! тој закон, затоа што знаете дека се одложи само една точка од 68-та седница значи е добар. Меѓутоа, ако се однесува за својата нација за јазик, за знаме за

Универзитетот можеби ќе имаат и граѓаните забелешка. Еве сега се фаќа за ситни работи можеби. Меѓутоа, кога ќе ги пребродиме овие проблеми 5,6 до 7, некогаш ни доаѓа само еден проблем, значи бараме ние албанците потполна рамноправност, потполна еднаквост, која како што знаете сите е санкционирана во самиот устав и тоа како една од основните начела. Меѓутоа, тоа е преземено и од други устави, па е од меѓу- народни норми и конвенции. Сега барам да ме сфатите конкретно, значи и кога се зборува за наши поспецифични проблеми, сакам луѓето да мислат дека тој е истиот Сали Рамадани кој ја бара вистината. Затоа и по овој повод морам да ја кажам вистината онаква каква што е без оглед на тоа дали е некој тука во салата или вон, ќе му одговара или не. Затоа, да не должам можеби два дена за овој проблем имам едно кратко видување за овој проблем, за овој предлог на закон кој еве денеска е на дневен ред.

По овој предлог кога ни се предлага ваков законски проект би потенцирал многу концизно и многу конкретно и адекватно повторно само дел од преамбулата на каков таков актуелниот устав на Република Македонија. Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност, значи целосна неделумно и трајно сожителство на македонскиот народ, албанците, итн. како граѓанска, демократска држава, што ние за жал не сме. Да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи на националната рамноправност.

Во членот 2 став 1 од Уставот на Република Македонија пишува: "Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Нема сила на овој член и нема сила на граѓаните, а и албанците се граѓани, ни уставен суд кој е самостоен по Уставот, меѓутоа, да не се излажеме тој Уставен суд, тие судии, другари господа се бираат во Собранието и тука се разрешуваат. Затоа работат со такви комбинации и овој пат се постави против Владата против СДСМ.

Ако е некој таен договор, тоа е ваша работа, не навлегувам во тоа. Значи едно предлага Владата каков таков, сосем нешто друго Уставниот суд кој треба да биде чувар на уставноста и законитоста кој тој самиот суд и Уставот и законот и тек како го прекршил посебно членот 48 ставот 1 дека тоа е знаме на туѓа држава, на странска држава на Албанија. Значи имаме решенија, имате разни општини во Гостивар во Тетово и другите додека Владата сега беше принудена да даде дека тоа не е така. Дека тоа знаме токму под вакви: услови какви што се предложени можат да се употребуваат. Сега е или не е знаме на туѓа држава. Уставен суд вели да, а Владата владеачката партија на СДС вели не. Значи некој од нив е во право, другиот не е. Некој тогаш треба да даде оставка. Или Уставниот суд да се разреши или Владата и СДС да одбие од Парламентот и од политичката сцена. Тука веќе нема дилема и тоа е точно.

Во членот 5 став 1 е наведено дека "државни симболи на Република Македонија се грб, знаме и химна". Точно е тоа и се сложувам. Меѓутоа, ова нихилистите на еднаквоста и рамноправноста го толкуваат многу еднострано, самоволно, екстремно и го присвојуваат за себе како им одговара на нивните тесни, лични и групни интереси, бидејќи тука не се наведени точно кои се овие симболи. Прво, се мисли на Уставот, иако веќе донесовме таков закон на оваа седница. Кои се овие симболи, каков е изгледот, формата на овие симболи, големината, текстот, насловот, се мисли на химната итн. Меѓутоа, ова е напишано пред да се усвои тој закон, тоа не значи дека мора да биде во еднина, односно може да биде и во множина, знамиња, химни. Тоа ако може да се споредува треба да се надоврзе и со аналогијата на членот 7 став 2 и 3 каде што е санкционирано службената употреба и на албанскиот јазик и на албанското писмо каде што албанците живеат во мнозинство или во

значителен број. Употребата на националното знаме на албанците има основа и во членот 8 став 2 (во Република Македонија слободни се што со Устав и закон е забрането како и во членот 9) "граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од националното потекло политичкото и верското уверување. Граѓаните пред Уставот и законот се еднакви". Ние ќе бидеме еднакви тогаш кога ќе ни се задоволуваат интересите. на сите. Дека јас сум потполно во право и од научна конструктивр материјално и формално правна и од политичка гледна точка можам да го поткрепан со неоспориви објективни аргументи и со делумното цитирање од нас се десет, само на четири членови од досегашниот закон за употреба на знамињата од 1973 година. Член 1 знаме, кај овој закон е знамето на Социјалистичка Република Македонија, знамињата на албанската, турската и другите 'народности. Членот 2, знамето се употребува слободно на начин определен со овој закон.

Член 6 став 1 припадниците на албанската, турската и другите народности можат да го употребуваат знамето на народноста односно на Социјалистичката република слободно во сите случаи за кои е предвидена употребата на знамето на Социјалистичка Република Македонија. Вака беше тогаш и тоа ние го бараме. Не се што беше тогаш дека барем ова го бараме.

Член 7 став 1 Припадниците на народностите при празнувањето на државните празници и при прослави и свечености, покрај знамињата на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија можат да го истакнуваат и знамето на народноста.

II/1.-СП/МЛ

**САЛИ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Став 2, државните органи, општествено-политичките организации, здруженијата и организациите на здружениот труд на подрачјата на кои живеат припадниците на албанската народност итн. истакнуваат со знамето на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија и знамињата на народностите. Според одредбите на статутот на општината во согласност со овој закон. Значи, и во статутот на општините беше предвидено дека може да се употребуваат знамињата на народностите, односно сега на националностите. Сега, што се донело таму било противуставно, спрема господата, старите другари од Уставниот суд.

Од Уставот на Република Македонија да наведеме и тоа што Владата на владеачката партија на РМ во дијагонална спротивност не само на екстремните кругови, туку и со погрешното и злонамерното толкување и применување, за жал, и на уставниот чува на уставноста и законитоста, т.е. на Уставниот суд на РМ. На крајот, таа, т.е. Владата беше принудена доследно да го толкува членот 48 став 1 цитирам: "Припадниците на националностите имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености". Значи, во спротивност со тоа што го бараше Уставниот суд. Меѓутоа, истата Влада и овој член како ни претходните кои се горе цитирани, не го применувале доследно, туку само делумно и останала некаде на четвртината на патот со својот предлог и на овој законски проект кој се наоѓа денеска пред Собранието на Република Македонија.

Дури во членот 9 кој ја навредува употребата на знамиња- та се осудува со парична казна или со казна затвор до 2 месеци за прекршок.

II/2.-

Вака беше многу поправилно предвидена употребата и на националното знаме на албанците во бивша СФРЈ и СРМ. Додека сега со наводно почетокот на развивањето на новите европски демократски процеси и во РМ наместо и овие права, слободи, еднаквости да се авансира и понатаму, да се развиваат и прошируваат на поадекватен начин со предлагањето и евентуалното донесување и на овој многу рестриктивен законски проект тие слободи и права признале или не, се ограничуваат до невидена екстремност што не кореспондира не само со меѓународните правни норми и конвенции кои ги потпишала самата Влада, а ги практикуваше и во овој состав на овој Парламент, туку ни со самите одредби на актуелниот Устав на РМ и досегашниот Закон за употреба на знамињата од 1973 година, ниту пак со современите барања реалноста и стремежите на албанците во РМ за потполна рамноправност и еднаквост без кои нема ни Европа, нема ни Република Македонија. Тоа да ни е јасно на сите нас.

Уште поконкретно, што се однесува до овој Предлог на закон посебно околу националното знаме и неговата употреба под политичка игра и без потребна врева на Владата, на привремената владеачка партија на СДС, посебно на сега веќе екс министерот за правда односно неправда и на некои најекстремни и безначајни кругови дека би можело дури да се измени формата, т.е. изгледот на националното знаме на албанците со додавање некоја линија и друг знак. Како консеквенција со тие пазарења на ханот без ханџијата наводно во таканаречена полза на горното наводно дека се направи некаков читај никаков лош и полош компромис на јасна и гласна штета на начинот, местото и времето на употребата на националното знаме на албанците како бледо и наивно убедување за уште едно манипулирање и измама на албанците тоа божем еве попуштивме, па нека остане формата и изгледот непроменети додека начинот, опсегот, местото, времето, карактерот да се ограничува.

Тоа не оди. Со тоа се мислело дека ќе се изигра со оправданите страсти и реагирања на албанците во цела Македонија и не само што им се скратило тоа што беше дозволено со Законот за употреба на знамињата од 1973 година, туку ептен на дискриминаторски начин со овој Предлог на закон се прекршуваат не само повторно меѓународните правни норми и конвенции, туку кои ги потпишала Владата, ги ратификувал Парламентот, туку и одредбите на актуелниот Устав на Република Македонија што е докажано со самиот Предлог на овој закон, односно самиот наслов на овој закон кој ни се предлага.

Тоа што се"прогнозира" во членот 3 дека и националното знаме на албанците ќе се употребува, цитирам: "при празнување, во приватниот живот и при одржување на културни, спортски и други приредби" е, за жал, повеќе отколку слаб обид за понижување другари, господа. Се поставува експлицитно и имплицитно прашањето, па која е таа сила во светот, кој може на албанците да им спречи да не го употребуваат своето национално знаме дури и при празнување во приватниот живот или пак во секојдневието. Тоа не може да го направи ни досега, не можел никој ниту за време на најцрните години на фашизмот и на таканареченото социјалистичко општествено уредување, па не ќе може никој ни во иднина додека при одржувањето на културните, спортските и другите приредби во прв ред ќе се употребуваат адекватните знамиња другари на културно - уметнички друштва и на фестивалите и тие имаат исто знамиња, на разни спортски и други друштва и асоцијации покрај кои националното знаме или државното може или не мора да се истакне, а можеби ќе се понижува при такви приредби. Таква употреба не значи ништо, ама баш ништо. Тоа е перфидност, тоа е камуфлажа, тоа е манипулирање, тоа е измама.

II/4.-

Другари, господа националното знаме на албанците примарно, т.е. во прв ред првенствено се употребува таму каде му е најпочесното место на денот за кој го носи светото име, можеби не го знаете, а тоа е оригинал (го цитира на албански) и на македонски 28 ноември ден на националното знаме на албанците. Така се вика тоа не на држава Албанија, не на државно знаме, туку оригинално кога ние славиме, а веќе 50 години беше дозволено, а и не, ние славиме ден на националното знаме и затоа се бориме толку, ние повеќе ги знаеме тие работи, а можеби вие не не сфаќате доволно затоа што не ви е познато. Можеби сте во право кога реагирате тоа е држава Албанија па како да се плашиме, немојте многу да се плашите, не се плашам ни јас. Тоа е најважно, додека другото е се споредно.

Во други прилики и националното знаме на албанците може да се употребува, освен кога е денот на знамето, заедно со државното знаме на Република Македонија. Немаме ништо против, затоа што тоа што се предлага во членот 4 околу конкретните ограничувања на употребата на националното знаме на албанците каде не смее, така пишува во Законот, да се истакнува или во членот 5 каде се во мнозинство службено, а тоа значи само во Тетово, Гостивар, а можеби сега во Дебар со новите општини, а не и во неслужено мнозинство како што се градовите Скопје, Кичево, Струга, Дебар, Куманово или пак во помал број Охрид, Битола, Ресен, Крушево и Велес.

Членот 6 околу казнените одредби и членот 7 за невлегување во сила, не дозволиме повеќе затоа што имаме амандмански интервенции, па да не должиме.

Уште едно принципиелно, начелно, глобално и многу важно објаснување. Посебно последните месеци и недели некои поединци, групи во масмедиите, па дури и тука во Парламентот, за жал, и

II/5.-

Уставниот суд шпекулирaат некој пат со помал, некој пат со поголем интензитет кога се дигаше прашина околу националното знаме на албанците дека е тоа знаме на туѓа држава, знаме на Република Албанија. Јас сметам дека тоа и самите го знаат ако не да им објасниме де#а за разлика од многу држави во светот, а можеби и сите кои имаат само државно знаме дека со Република Албанија тоа е исклучок. Значи, тоа нема врска. Ова да им е јасно на сите и од историска и од правно-политичка гледна точка. Ова знаме кое го употребувале со векови, не од 1912 година, туку со векови и албанците во Република Македонија не е државно знаме на ни една држава, па во тој контекст ни на Република Албанија. Реков дека јас ја кажувам секогаш вистината, тоа е точно, барем не во прв ред. Тоа е старо, древно знаме на албанците кое нема скоро никаква врска со денешна Република Албанија, ама никаква. Ќе ми се налути можеби Сали Бериша, сега Фатос Нано, но тоа е точно, нека се налутат. Ако случајно подоцна поточно од ослободувањето на Албанија од Отоманското царство во 1912 година тоа кореспондира, тоа е коинцидентно, ако тоа преземено, присвоено, да не кажам украдено, тоа може да го направи било која држава која нема државно знаме или нема вакво, вистина е, убаво знаме со двоглавен, односно дупел орел, како би рекле германците или пак нема стабилно било државно, национално, војно, морско знаме. Тоа мене како албанец ништо не ми пречи, впро чем би се гордеел или пак било кој, па и јас би и препорачал на Република Албанија покрај ова знаме како национално знаме на Албанците, ако сака, да се определи и за чисто државно знаме, еве ја сега правата вистина, кое тогаш македонците и другите кои би го употребувале и албанците во Република Македонија би биле во потполно право македонците, тоа е точно дека тоа е знаме на друга држава, на Република Албанија. Да сме на чисто.

II/6.-

По овој повод не би сакал да одржувам лекција и серија на предавања било од историска, правно - политичка гледна точка што се однесува до самата генеза на националното знаме на албанците, да имавме време и во друга прилика некоја трибина можеби и тоа, зошто да не, или околу долговековната традиција на неговата употреба и во Република Македонија затоа што би траело долго, меѓутоа, на кратко треба да се истакне националното знаме на албанците има една долга и славна историја од 2500 години. Неговите корени се уште кај кралот Пиро, пред нашата ера, кого и кому кога војниците поради големата храброст го нарекоа орел додека тој им врати јас сум орел, а вие сте мои крилја. Пиро бил роднина, односно братучед на Лека и Мав. Вие велите Александар Македонски. Историјата нека го каже своето, немам ништо против. Кому, кога се родил на кровот на неговата куќа стоеле два орли и бидејќи Лека и Мав беше прадедо и имењак на исто така албанскиот национален и меѓународен легендарен јунак Џез Кастриотис - Скендер Бег е случајно што Скендер Бег орелот дури тогаш тој го претворил во национално знаме на албанците. Проф. д-р Решад Неџипи, цитирам: "Флака е влазримит" тоа е скопски весник од 26 јуни 1997 година, стр. 11 и продолжува цитирам: "со неговите славни и легендарни битки" пишува доктор на историја, "Скендер Бег ја афирмираше и Македонија, која тогаш беше, за жал, заборавена, беше турско време". Затоа денешните македонци пишува професорот не само што не треба да имаат аверзија кон ова знаме, значи не смирува малку, туку напротив тие треба да му се молат пет пати на ден и да се гордеат со тоа што се истакнува покрај дневното знаме, со тоа се докажува Цека националното знаме на албанците е национална емблема на сите генерации од Пиро, па се додека ќе постои светот. Тоа е крај на цитатот од весникот "Флака" Тоа не беше мое.

II/7.-

Вакви и слични научно - правни и политички ставови изнесоа овие денови во разните масмедии многу познати личности. Новинарот публицист Назив Зејнулаху во неговата серија на статии цити- рам само насловот "Знамињата општо цивилизовано богатство" "Флака" скопски», весник од 22 до 25 јуни 1997 година, стр. 8 како и во една блиц анкета за овој законски проект судијата кој е избран тука во Парламентот Шеад Марку го цитирам само насловот "Треба повеќе толеранција". Економистот Шеху Османи вели: "Службена изолација на знамето", ги цитирам само насловите од весникот. Наставникот Ислам Незири вели: "знамето да се употребува на сите нивоа". Писателот Мурат Исаку "Знамето не е откриено сега". Професор Љазим Каба вели: "Резултат на компромис". Професор Џевад Гега "Нашето знаме е сенароден симбол". Реагираат, освен околу 25 општини во мнозинство албанци и разни партии на албанците, здруженија, асоцијации и поединци се до државниот сенароден протест и другите кои се најавуваат во цела Западна, Северозападна и Југозападна Македонија, а можеби и вон земјата.

На крајот, секому да му е јасно за некои спорадични прашања можеме да имаме и некои различни ставови. Меѓутоа, кога е во прашање знамето, јазикот, универзитетот во Тетово, целосната рамноправност и еднаквост на најрелевантните проблеми албанците секогаш во историјата сега и во иднина биле, се и ќе бидат единствени како еден, доследни и одлучни во секој поглед. Албанците и за време на Крушевската Република од 13 0 3 година и на Караорнан и Шар Планина од 1941 до 1944 година заедно со македонците и другите посебно се бореа заедно со националното знаме во раце на албанците и ако биде потребно уште еднаш може да се повтори историјата, за жал, што не би го посакал, и повторно ќе се борат за истото знаме, т.е. со древното

национално знаме на албанците во раце, ка- ко би рекол Славко Јаневски на крајот на неговите врсни стихови Балада за прадедовската пушка, која во свое време во Скопје сум ја рецитирал на македонски, целосно ја знам уште, на крајот вели, но ако треба уште еднаш за бој, син ми ќе ја земе. Меѓутоа, да додадам уште една работа, една забелешка во Парламентот, опозиција Либералите сега Либерал - демократите им го кажав уште кога се раскина бракот дека тоа е камуфлажа, тоа е фарса, тоа е наместено, можеби не сите, но тоа се знае каде одат. Јас сум мислел дека тие ќе бидат опозиција сега со нас, да, тоа е точно затоа што другари ние имаме со вас од оваа страна, не со сите, овие од предните места, едно заедничко -опозиција во Македонија, не вон Македонија и како опозиција ние треба да ги обориме овие да се борат против власта и против СДС и потоа ние мака си направивме маф меѓу себе потоа. Меѓутоа, да, тоа е точно...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам за точката господине Рамадани, немојте за политичките партии.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не, партијата нема врска, сега што, таа игра ние ја знае ме и вие поголем гнев ни пренесувате тука отколку СДС. Видете, тоа не чини. Какви другари сме ние.

**САЛИ РАМАДАНИ**: (продолжение)

Да кажам друго поконкретно. Мојата сосетка, либералната Николина Трајаноска од јужно Кичево, се сеќавате кога тогашниот министерот Владо Поповски дури ја навреди навистина дека таа чита текстови, ако цитирам дословно од странаи агентури. Ми беше многу тешко да знаете и како женска, јас сум за еманципација на жените, а и затоа што е и кичевка. Па ја бранев јас, не таа. Меѓутоа, со ист текст со туѓ текст кој не е нејзин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте вака да делите лекции г-дине Сали.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Што рече тој ден. Дека тоа е знаме на терористи, на балисти. Дека тоа не е знаме на албанците. И дека се вее во општините каде се 99% албанци во Зајас и Осломеј. Навистина се вее. Рече дека еден ден ќе се истакне во Кичево. Г-ѓо немојте така да си играте она што е најчувствително и најинтимно на албанците, а тоа е знамето, јазикот Универзитетот, рамноправноста и другите права.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани, јас навистина имам обврска да укажам дека е крајно некоректно да делите лекции од говорницата на странски држави и странски државјани. Уште понекоректно е да го навредувате Уставот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тоа што не го докажав, можам да го кажам на албански и ти ќе дадеш пауза.

III/2.-

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо, веројатно дека и старите мудрости изградени во средина во која сме се раѓале и во која сме живееле и ние како пратеници кореспондираат со некои практични искуства на други народи, на други луѓе кои не живеат на овие простории, кои стекнале свои искуства во свои цивилизации итн. Особено, тоа е можно во денешни услови кога светот комуницира и има безброј можности да комуницира на начин на кој што тоа го прави, преку електронските медиуми и најразличните други технолошки форми на комуникација. Чувството дека некој само ексклузивно има право на одредени информации веќе е илузија и се повеќе светот станува едно глобално цело како многупати е речено од оваа говорница во повеќе прилики и во повеќе ситуации. Самото индивидуално чувство на луѓето на кој колку вреди не е доказ и за тоа дека некој вреди толку колку самиот замислува дека вреди, туку толку вреди колку што ќе остави трага во своето делување, во своето однесување и колку тоа другите луѓе во одредена конкретна заедница, потесна или поширока тоа ќе му го признаат како вредност. Сето друго е само бендисаност демонстрација на моќ, самобитие, во основа, лоши човечки особини. Инаку човекот се раѓа како и секој човек, така викаат старите мудрости, ја развива својата личност за дадените општествени околности што во семејството прво, а понатаму низ образовниот систем и низ средината каде што делува и каде што расте и се развива, со тек на одредено време станува општествено битие со што се разликува од другите живи суштества и по тоа во основа е препознатлив.

Нормативните документи цивилизациски, општо усвоени велам дека одредени системи најголем дел, врз основа на искуства и од степенот на развој кажуваат дека човекот за да делува самостојно и да носи

одговорност станува тоа со 18 годишна возраст, најчесто во светот, кога дефакто презема одговорности самостојни за своето делување и за последиците од своите акции што ги презема. Тоа е за општата деловна способност, а за посебната деловна способност во исклучителни ситуации понекогаш се бараат повисоки критериуми, најразлични нивоа дефинирани и тие повисоки критериуми во возраст се ставаат во врска со тоа кој колку биолошки може да акцептира одредена свест од акциите што ги презема за последиците кои можат да настанат.

Едно такво решение да ве потсетам постои во нашиот Устав на РМ, дека за кандидат на претседател, покрај општото избирачко право на сите граѓани, човек треба да наполни 40 годишна возраст и дека надвор во таа уставна рамка не се може. Јас мислам дека таа уставна одредба има свое лежиште, како во практиката светска, а пред се, од специфичноста и улогата на претседателот на Државата во соодветната држава, неговите ингеренции и овластувања што ги има без разлика дали е парламентарен или претседателски систем. Нас што не има овде, поготово нас од 1990 година па наваму што се случија без број бурни настани за РМ и кога се дефинираше и сеуште се дефинира положбата на Републиката во одредени околности кои можат да се набројат репсктативно од 8 јануари 1991 година, од кога јас сум присутен овде, сме имале безбројни ситуации кога требало човек да се преиспитува самиот себе си и покрај околностите, општиот амбиент и наплив на јавното мислење, но состојбите се гледало визионерски и како одговорни парламентарци сме застанувале секогаш на онаа страна, на нагорната страна да ја влечеме колата малцемина нагоре, кога многумина ја урнуваа и помагаа да оди таа поудолница. Оваа не е само декларација, има голем број на сведоци овде, иако многу работи не се запаметуваат

има стенограми, ќе останат во Историјата некој моменти. Без разлика од политичката позиција што во моментот ја имал одреден индивидуален субјект во Парламентот, или во Владата, во извршната власт, или не знам друга структура која требало да го каже зборот за конечната одлука.

Јас како парламентарец се надевам дека сум еден од нив кога многумина со несигурни чекори, наспроти оние кои влечеа надолу често останував понекогаш сам, со неколку други да ја влечам колата нагоре и да бидеме на удар јавното мислење и надвор од оваа сала и внатре во оваа сала, затоа што во одредени моменти не постоеше ни ред, ни услови за работа овде во секој момент да ги изложиме своите животи на одредени националистички запалени глави во средините каде што|: е движевме, прво да погледнеме во лифтот кога ќе ја отвориме вратата, дали некој стои во темнината, кога ќе ја отвориме вратата од хотелот, кога ќе отвориме визбата и тоа зајакнато со различни предупредувања на сериозни луѓе, дека пресудите се паднати. Секогаш во тие моменти јас сум верувал цврсто и длабоко во себе дека сум на вистинската страна и повеќе по интуиција, можам да кажам, иако е тоа романтичен израз, отколку со некоја конкретна аргументација,повеќе поткрепен на некои искуства на мудроста на луѓето кои ме опкружувале додека сум растел и сум се формирал како личност, отколку на некои информации што сум ги имал претходно сервирани како пратеник. Вообичаено и тогаш и сега ние пратениците оскудеваме со потребните информации за било кој конкретни прашања да можеме да одлучиме врз основа на потребната информација вака или онака. Никогаш притоа, не сум претендирал дека сум јас во право и дека никогаш притоа не сум претендирал и на другите да бидат на мојата иста линија. Сум се убедувал со аргументацијата потребна од оваа иста говорница да го

пренесам тоа мое чувство, можеби повеќе за јавноста, отколку за составот на Парламентот , затоа што најчесто тој Парламент често за вакви шкартливи теми секогаш приоѓавме дека однапред рациото е изгубено, дека однапред рациото нема доволно слух поради политичкиот состав на правата таа гарнитура. Но полека, полека дојдовме до седмата година од носењето на Уставот, всушност, од правата седница на Парламентот на 8 јануари, кога се разви и рационална битка за химна, не химна до првите две недели на предлог за декларација за сувереност на РМ и тоа прашање се влечеше некаде точно до Одлуката до јули месец 1991 година за распишување на Референдумот и на секоја седница повтор* се повторуваше тоа прашање, следејќи го примерот на некој други земји и по без број пати ние бевме во ситуација доведувани, тоа да го правиме на специфичен македонски начин, онака како што мислевме ние дека тоа го заслужува РМ, притоа, и при недоволна свест за перспективите и околностите во кој ќе се најде РМ за сите тие бурни настани.

Ова го кажувам како лична потреба, во врска со овој Предлог закон, затоа што гледам дека по одредени мои ставови, што излегоа во јавноста, одредена јавност ме уврстува во десни, во црвени, во вакви, во такви и не знам какви потреби на уредувачката политика на соодветните медиумски гласила, кои си бараат свој простор или по порачка други некој потреби.

Јас и тогаш и сега се чувствувам онаков каков што сум се сеќавам од мал дека не ме бива за хорско пеење, најчесто сум бил исфрлан од хоровите и во оваа прилика одрекувам секаква врска со одредено хорско предзвучие што се јавува по ова прашање, особено со хорското озвучие од опозицијата која што има свој политички потреби. Јас ќе кажам дека во суштина носиме многу сериозен закон, со кој јас осно се согласувам со потребата од донесување и решавање на тој проблем во РМ и мислам

III/6.-

дека во поодделни сегменти дека тој закон тоа го прави и на многу рестриктивен начин, особено во делот кај што е дефинира и потребата по приватната сфера за симболите, употребата на симболите националностите да ги изразуваат за потребите на својот идентитет итн. Мислам дека има доволно широка рамка во Уставот, многу поширока и со овој закон во тој дел се нуди едно рестреткрино решение,. за жал по мене. Исто така, не ми смета ни либералното решение, дури и го поддржувам, што се нуди во член 2 став 2 од овој Закон одредени националности најслободно да и изберат тие симболи, со кои сметат дека е најдобро ќе се идентификуваат себе си, како човечки и како општествени битија и суштества. Единствениот проблем кој за среќа цело време предизвикуваше дилеми е прекршен кај мене, тоа е прашањето што во практиката со сите неизвесности може да го отвори ставот 2 на членот 2 и тоа не само по прашањето на одредена националност, во случајот да кажам албанската, најчесто спомнувана овде во РМ, туку и на сите други националности во РМ. Прашања кој можат да се отворат во иднината и кој барам досега во оваа вкупна расправа и во Парламентот јас не слушнав аргументација дека зад такви стравувања можат да бидат затворени тие, туку напротив и од јавните расплети и овде од оваа говорница од пратениците се отвораат додатни можности за можните последици, од носењето на ваквото решение. Можни негативни последици ' кои и онака наместо добрите патишта да водат до бога, да не однесат во пеколот:

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Јас да ве потсетам на една практика која се случи во врска со овој Парламент и со оваа држава. И со Меѓународната заедница, затоа што често од оваа говорница беше споменувано дека прашањето е конечно. Дали ќе одиме во Европа или ќе останеме на Балканот. На тоа се сведува конечното прашање, или конечното прашање е дали одредена групација етничко мнозинска во Македонија ќе ја почитува другата или третата етничка групација и т.н. За мене тие прашања се апсолвирани и нема потреба овде да ги зборуваме. Таква расправа нека водат оние кои во своите глави немаат расчистено по тие решенија. Но за секој случај во 1992 година во истата оваа сала, на една седница, не знам која, можеби еден ден стенограмите од седниците ќе се земат па некој ќе анализира, јас живо се сеќавам дека Европската заедница од дванаесетмината составена од демократски држави, од парламентарна демократија со долга традиција под притисокот на една своја членка во Лисабон донесе Декларација дека таа нова република што се формирала на Балканот не може да го носи името Македонија и нема да биде призната меѓународно доколку во своето име го користи зборот Македонија. И се сеќавам таа вест дојде на пола седница овде бидејќи тие седници траеја со ноќи и делуваше како некој сосема ладен туш на пратениците .• Во- изразот на лицата и на одговорните луѓе, тогаш први во Републиката, можеше да се прочита една резигнација и една бесперспективност како понатаму. И тоа замислете со самото образложение дека само зборот Македонија загрозува одредена држава членка на Европската унија. А само пред тоа некаде веднаш после носењето на Уставот на РМ во 1991 година по два месеци по иста порака, истиот Парламент требаше да дигне додатно рака овде и да измени одреден член во Уставот на РМ, каде што од прилика ќе парафразирам,не сум толку стручен по уставно право,

надлежен е Уставниот суд по тоа прашање, во тој случај беше надлежна Бадентеровата комисија и клучна да го дополниме членот каде што викавме дека РМ ќе води грижа за дело- ви од својата националност, национален етникум во соседните држави во светот и т.н., и додадовме по запирката дека притоа ќе го прави на начин што нема да се меша во внатрешните работи на тие суверени држави. Тоа беше едното признание што го признавме ние пред демократскиот свет кој не присили. И за среќа од тоа одлуката на Бадинтеровата комисија добар дел денес од суверeноста на РМ е призната и се она што се случуваше понатаму. Значи вистинскиот демократски свет на запад на кој често се повикуваме, почна похрабро да размислува за тоа што се случува на јужниот Балкан и дека некој мал народ се осмелил во тие околности на таков начин да ја земе во сопствени раце сопствената судбина. Помина и Лисабонската декларација , се случи Спогодбата со соседната држава и ден денес се водат актуелни преговори. Точно само заради тоа што повторно името, всушност зборот Македонија предизвикувал аспирации територијални и загрозувал одредена држава да не зборува за промената на знамето ако симбол и да не зборувам за разни други притисоци и да во одреден момент претседателот на Републиката биде принуден на коректен начин на сите тие порачатели од светот, добро еве слушавме,слушавме и слушавме и спремни .сме. да направиме компаративна анализа за правата на националностите во регионот дајте да седнеме да видиме кој колку акцепирал во демократијата, кој колку акцепирал и стигнал до одреден степен на цивилизациски развој на овие простори. Но, некој ќе рече не е светот на оценка, ние сме на проценка и оценка. И ќе биде во право. Но притоа знајте има одредени граници кој човекот биолошки ако е сведок на сите настани, тоа се случува во едно подолго време ќе каже може ли оваа самостојна Република Македонија, правна членка на Обединетите нации веќе да почне похрабро да си ги земе пр&рогативите

кои и припаѓаат и да се однесува навистина како рамноправна членка.

Во случајот ќе рече некој па немаме друго решение, мораме на ваков начин. Ги слушнавме овде сите претставници од своите позиции што изјавуваат, што кажуваат и т.н. Јас лично сметам дека има коректен однос, сосема коректен начин и покрај тоа што е атмосверата исполитизирана на начин на кој што е исполитизирана, не сакам околу тоа да водам дискусии, и покрај тоа што е мое длабоко уверување дека целата таа исполитизираност можеше да се избегне и покрај тоа што свесен сум дека голем дел на политички субјекти тоа го потхрануваат, го подгреваат и сметаат дека нивното политичко конто ќе стане подебело колку полошо толку подобро за нив како субјекти и т.н. Но, затоа сме ние овде и избраници на народот. Затоа зад секој од нас стојат гласачите, затоа имаме мандат согласно Уставот и Законот да одлучуваме по сите крупни прашања. И затоа често пати треба да бидеме над нивото на одредено јавно мислење, да го сослушаме, да го погледаме но и да ја процениме одговорност ќе биде на овој Парламент. Механизми за донесување одлуки надвор од овој парламент не постојат. всушност историски постоеле, но како пропаднати методи погубни за оние кои ги промовирале  за оние кои ги практицирале. Историјата е полна со такви примери. Но, зборувам за цивилизациските можности, други не постојат, ова е тоа што е. Без разлика на положбата на пратениците, на решенијата во Уставот, положбата на Собранието, степенот на развојот на демократијата и во рамките на институциите и со бројот на институциите и т.н. но тоа е време и простор кој треба допрва да го усвојуваме.

Оттаму јас не знам дали е стигнат амандманот кој го поднесов дека има излез ова решение во овој закон. Во преодните одредби на овој

закон да се даде амандман кој би гласел во смисла "доколку припадниците на одредена националност во смисла на член 2 став 2 од овој закон изберат или употребуваат знаме за изразување на својот идентитет и национални особености кое ќе биде идентично со државното односно националното знаме на странска држава, одредбите од член 3 и 5 на овој закон ќе се применуваат откако Собранието на Република Македонија и надлежен орган на соодветната држава чие знаме е избрано како идентификација на националностите овде го ратификуваат одреден договор или одредена спогодба што меѓу нив ќе се случи врз основа на реципроцитет".

Мислам дека на таков начин ќе се избегне опасноста овој закон, во оваа форма во која е предложен, да дојде во судир со член 1 на Уставот на РМ во врска со член 5 од Уставот на РМ. Тоа е прво.

Второ мислам дека на таков начин пред се ќе се афирмира достоинството на РМ како независна и самостојна држава рамноправна членка во Обединетите нации. На таков начин ќе се релаксираат и внатре однос сите помеѓу различните етникуми во Републиката, а и односите помеѓу државни, кои можат да бидат, и ова е елемент на сопнување во понатамошната практика, што е битен чинител за поширока интеграција на регионот на патот по кој заеднички сме тргнале, Европскиот пат.

И јас лично. сметам дека едно такво решение длабоко ќе кореспондира и со идејата на предложената анализа за степенот на правата на националностите предложена од г-динот Киро Глигоров до меѓународните фактори.

Јас се надевам дека амандманот ќе стигне тука пред Вас и дека ќе расправаме во таа прилика за него и се надевам дека свесно ќе размислите околу тоа прашање.

За оние пратеници кои имаат донесено одлука да се изјаснат за законот вака или онака нека сфатат дека воопшто јас ништо не сум рекол од оваа говорница ниту сакам да вршам влијание. Тоа е прашање на индивидуална одлука.

Што се однесува до мене до овој момент, до оваа аргументација што досега ја слушавте, доколку биде понуден законот како форма во која е предложен од предлагачот, од Владата јас не само што нема да го поддржам , туку ќе бидам против донесувањето на истиот.

Додека со усвојувањето на овој амандман или негова подобра модификација од било кој учесник овде, политички субјект во парламентот спремен сум да прифатам и други амандмани кои одат на линијата на поши рока примена на симболите на националностите во РМ во соодветниот закон затоа што ниту мене, ниту на припадниците на мојот етникум тоа не може да им смета.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Ние на претходната седница донесовме закон за начинот на употребата на симболите на РМ, меѓу кои и знамето...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ги молам навистина сите пратеници да ги исклучат мобилните телефони додека трае седницата затоа што едноставно не може да се говори.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Ако се потсетиме на минатото и ние имавме донесено како Собрание знаме на РМ, тоа беше шеснаесеткракото сонце и истото го променивме, пак, заради демократска ориентација односно за тоа дека

тоа знаме имплицира на суверенитет на друга држава и дека претставуваше пречка во дијалогот што го водевме со Република Грција. Јас исто така сакам да се потсетам и да укажам на едно гледање на седници- те на Собранието во минатиот состав кога дискутиравме за еден предлог - Република Македонија Скопје и тука со задоволство останав на своето мислење дека во пакетот на доверба со Република Грција има се и сешто само нема име Македонија. Како што гледате и до денес е така и не знам дали и ќе биде.

Сега се предлага со посебен закон симбол на идентитетот и националните особености на националните малцинства во Република Македонија и во членот 2 се вели дека тоа може да биде и знамето што националностите го избрале или го употребувале. Од реалниот живот сосема јасно се гледа дека знамето особено што го употребуваат припадниците на албанската националност е знамето на Република Албанија односно на една соседна и за нас странска држава. Па, си размислувам сега што ова значи ако се прифати дека знамето што е употребувано во реалниот живот, или дека знамето е веќе однапред избрано, а само со законот му се дава можност односно се прави законска рамка на негова употреба.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (продолжение)

Што ова значи според моите гледања? Според моите гледања ова значи утврдување и потврдување односно легализирање не само на идентитетот и субјективитетот, туку и нешто повеќе и на суверенитетот на националностите, во конкретниов случај на албанската националност во РМ со знаме на соседна и за мене странска држава, формирана како држава уште во 1912 година.

Кога зборувам и за суверенитетот за мене ова значи редукција, потиснување на друг идентитет, субјективитет и суверенитет, а тоа е суверенитетот на македонскиот народ на територијата на РМ.

Сека, кога избравме едно знаме што го симболизира идентитетот, субјективитетот и суверенитетот на РМ како држава, што сосема го прифаќам како израз на внатрешното уредување на РМ како плурална граѓанска демократска држава и како израз на суверенитетот на секој граѓанин во РМ, значи нема игнорирање на ничиј суверенитет врз основа на етничка припадност и кога претставува само на тој начин најдобро решение за интрегративни движења, интеграција на сите етникуми во Македонија, врз граѓанскиот концепт како внатрешно уредување, впрочем и затоа го прифативме граѓанскиот концепт, да се избегнат меѓуетничките конфликти. Друго е што во изминатиов период не дава резултати.

Поставувам едно друго- прашање дали сега кога една националност, велиме дека со знаме ќе си го определи својот идентитет, суверенитет и субјективитет, сега дали и македонскиот народ исто така како друг идентитет, субјективитет и суверенитет како посебен етникум треба да има и тој знаме низ кој што бара ќе симболизира сопствени карактеристики, посебноста на идентитетот и македонските реси и едно државно знаме. Кога така човек ќе погледне пак пред искрснуваат три

знамиња. Едно на државата, едно на еден етникум, друго на други етникум и тоа укажува на нешто што отстапува од граѓанскиот концепт за интеграција на сите етникуми во Македонија врз концептот на македонска држава.

Ова за мене исто вака сфатено со овој закон значи легализирање на идентитет, субјективитет, суверенитет на албанската националност во конкретниов случај во РМ. Значи, спротивно на нејзиниот уставен и граѓански концепт односно како да се легализира парауставен легитимитет легалитет, што не е препознатлив во однос на иднтитетот субјективитетот и суверенитетот на соседната странска држава Република Албанија како посебна држава и матична држава на албанската националност во РМ.

Си го поставувам прашањето, во услови кога би бил загрозен територијалниот интегритет на РМ кога би ги дигнале симболите, државното знаме, другото знаме, националното знаме, дали можеме да се рас познаваме? Дали можеме да ја распознаваме територијата на РМ односно како да се воведува една магловита состојба. Тешко ќе се распознаваме. Тоа може на еден странски набљудувач да му наликува на веќе освоена територија.

За мене знамето не е само симбол на атрибутите: идентитет и субјективитет, туку нешто повеќе. Односно, симбол на суверенитет. Титуларно. Тоа значи со легализирање и на вакво знаме што веќе, да речеме, е избрано, ако се избере тоа што е, со член 2 само се легализира, се утврдува и потврдува уште еден суверенитет, парасуверенитет, двоен суверенитет или административен федерален суверенитет.

Немам против националноста да избере било кое знаме. Но, неможам да прифатам тоа да биде знаме на странска држава. Тоа се аргументите што не ми дозволуваат индивидуално, лично тоа да го

прифатам. Дури имам уверување дека тоа не коинцидира со Уставот, па и со споменатиот член 48 што сепак има некоја рамка во која што не можеме секогаш да редиме тоа што имаме желба, па макар да е и од најдемократска провениенција.

Република Македонија изворно, историски, е унитарна држава на македонскиот народ и националностите што живеат во неа. Уставот од 1944 година не нарекува Македонска држава. Уставот 1946 година држава на Македонскиот народ. Уставот од 1959 година , демократска држава. 1963 година , демократска држава и заедница. 1974 година, национална држава и заедница. Во сите устави сретнуваме термин "и други". Но, тие се израз на внатрешното уредување на РМ. Држава на македонскиот народ и националностите, на националните малцинства, држава на работниот народ на Македонија, на работничката класа и работните луѓе на Македонија. Сето тоа укажува на идеолошкиот модел внатре. Меѓутоа, никогаш државата во својот историско - развоен, уставен пат не го издвојувала националниот од граѓанското односно секогаш го имала предвид присуството и на националните малцинства во РМ.

Да не заборавиме дека тоа беше време кога на идеолошкиот модел го застапувавме моделот на изумирање на нацијата и државата. На тоа фундираше и работничкото самоуправување. На тоа базираше и табу темата дека решено е прашањето за меѓунационалните односи. Меѓутоа ете, не било така.

Е сега, од тука за мене се проблематизира и преамбулата на Уставот. Односно, се проблематизира суверенитетот на РМ. Ова, затоа што РМ се конституира како национална држава на Македонскиот народ, така што суверенитетот, изворно, историски и онтолошки припаѓа на Македонскиот народ. Впрочем, и осамостојувањето на РМ 1991 година не ќе беше можно ако појдовна основа не беше историскиот факт дека

Република Македонија се конституира како национална држава на Македонскиот народ. Од тука, врз основа на суверенитетот на Македонскиот народ, неговата политичка волја, правото на осамостојување на своја веќе формирана национална држава, АСНОМ 1994 година, а согласно меѓународното право како универзално, го оствари правото на осамостојување.

За мене, со овој закон исто се проблематизира јавната, државна власт на државата, да делува на целата нејзина територија. Односно, се легализира паралелна власт на дел од нејзината територија параадминистративна и параинституционална власт. Не велам дека тоа така се воведува, меѓутоа отвора простор и за такви проекции.

Сега, во услови кога некои соседни држави не ја признаваат националната самобитност на Македонскиот народ како државотворен, а знаеме дека тоа го имаме, Грците ни државата ни нацијата, Бугарската опција дека Македонија е два леба од исто тесто или две куќи на иста врата на исти браќа или сличната синтагма две кошули во една глава, мислам дека многу прерано е и многу пресмело е да се легализира и добие легитимитет , ма да се согласувам и со дел од амандманот на г-динот Стојановски, но не после меѓудржавна верификација. Тоа е друго прашање.

Да не е знаме на туѓа држава. Може секое. Познато е- дека . 6национа'лниот и граѓанскиот концепт на државата секогаш одат заедно., Јас не сакам да кажам дека Македонија е исклучиво држава, национална држава на Македонскиот народ и точка. Меѓутоа, тоа е појдовната основа. Националната и граѓанската држава се сметаат за синоними Впрочем и граѓанските држави во Европа после 11-та светска војна создадени се на теренот на националните држави, а дури потоа се граѓански.

V/5

Република Македонија, по своето внатрешно уредување и е граѓанска демократско - социјална држава. Но, тоа е нешто друго. Тоа е нејзиното внатрешно уредување.. Тоа е функција на државата. Таа функција и сите идентитети и етникуми се овозможува да се остваруваат низ еден поширок концепт на македонското општество како плурално и демократско. Впрочем, Македонија и да е еднонационална не може да има друга ориентација освен демократската ориентација комплементарна на западно - европските демократи за да можеме да ги оствариме и да бидат компатибилни нашите аспирации од таков вид за влегување во Европскиот дом.

Граѓанската држава и плурална, но поради многу широкиот обем на плуралност и во политички партии и во други проекти, но не заради присуство на националности и национални малцинства, туку поради сопственото граѓанско битие и како услов за демократија. Без плурализам нема демократија.

Не сум по државата никакви колективистички и ултрарадикални проекти и гетоизации, било од македонска или друга провинцијенција во конкретниот случај на националностите. Затоа што имам убедување дека граѓанскиот концепт на држава е нашиот најдобар избор. Целокупната стратегија треба да биде во негова операционализација врз институциите на системот, бу професионалните субјекти кои треба да ги реализираат елементите на правната држава затоа што имам убедување дека токму делувањето на правната држава е таа што ги решава на најдобар и најдемократски начин сите меѓуетнички недоразбирања. Тоа, секако до колку се стави во оптимална функција.

Модерните сфаќања на идентитетот на националните особености од било која провиенција за мене подразбира способност или слобода во културниот простор и тоа е тоа што на поединецот, во политичкиот простор, тоа е она што на поединецот му овозможува широка и лична

идентификација и етничка идентификација и секаква слобода во рам-ите на Уставот и правната држава. И можност за плурализам.

Не би ги спојувал правата и слободите во приватниот живот со правата во јавниот живот. Едно е држава, друго е приватен живот. Не би сакал ние да му определуваме некому во приватниот живот и симболи со кои што емоционално е или не е врзан. Нека си ги избира секој за себе. Тука се слободите и правата во едно граѓанско, плурално и демократско општество.

Поради сите овие аргументи нема да гласам за законот затоа што такви се моите видувања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Исмет Рамадани има збор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе , почитувани колеги,

Исцрпно расправаме за еден закон што навистина претставува едно чувствително прашање. Овие денови слушнавме, читавме разни идеи, пораки и ние како луѓе кои се занимаваме професионално со политика, во овој случај сме пратеници, во овој случај треба да извлечеме потег во една ваква ситуација. Најдобриот потег ќе го извлечат оние кои се умерени и се разумни. Затоа што, во една ваква ситуација да бидеш умерен и разумен е најтешко. А, да проманифестираш сила, да манифестираш пораки без никаква одговорност тоа е најлесно.

Сведоци сме на невиден притисок . Дали тоа доаѓа од опозициони партии, од лидери на опозициони партии, од разни институции, интелектуалци, лидери, на кои навистина најлесно им е затоа што нивната порака останува само до тој домен - го кажав своето па нека биде што ќе биде. Го кажав своето на прес конференција и ќе го кажам уште еднаш дека треба закон, дека треба да се уреди ова прашање со

разговори со убедување. Меѓутоа, лесно им е на тие затоа што тие нема да одат до крај. Ниту да изгласаат закон, ниту да предлагаат закон затоа што нивната мисија завршува само таму.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**:(продолжение)

Меѓутоа, има некои прашања кои се навистина, и сите сме сведоци се толку чувствителни каде што понекогаш е потребен по некој консензус, дури од опозиционите партии за да се извлечеме од вакви ситуации, за кои сите признаваме дека се доста сериозни и се создаваат одвреме-навреме, од луѓе кои се или не се одговорни.

Најмногу што читавме и слушнавме овие денови, се работи, дека се загрозува суверениот на државата, а во исто време слушнавме овие денови, цитиравме дека тој суверенитет произлегува и му припаѓа на граѓанинот, а тој граѓанин во РМ може да биде Македонец, Албанец, Турчин, Босанец, Влав, Ром итн. и, нормално дека тој граѓанин има своја национална припадност, има свој јазик, има свој особености и свој идентитет, се разбира.

Размислувајќи за ова прашање со мојата пратеничка група еден ден прелиставме нешто од 1991 година од стенограмите кога беше донесен Уставот на РМ и токму во член 48 став 1 особености, најдов едно прашање кое сум го поставил уште тогаш на предлагачите на Уставот , што значи тоа особености? И, од предлагачите на тој Устав тогаш односно тие што работеле на тој Устав, одговорот е дека во особености спаѓа и тоа што е симбол на една националност, тоа е знамето.

Се спомнува интегритетот на државата. Колку пати е кажано, колку пати сме кажале, дури и оние кои се прават екстремни лидери понекогаш кажале дека кога е во прашање интегритетот на државата имаме општ консензус на сите политички партии. И, кажано е мислам дека денеска не можеме да кажеме дека интегритетот на државата е загрозен, односно е доведен во прашање. Тоа е затоа што веројатно треба толку да

веруваме едни на други дека веќе си постои неколку години држава во РМ, а во оваа држава се ангажираме да ги уредиме тие проблеми, тие прашања, на најдобар можен начин. Мораме да сфатиме дека е време на нови размислувања , не ни личи баш многу да раскажуваме дека е премногу историја. Такво производство навистина не ни треба, затоа што и примерите што ги земаме некогаш правиме грешки и тогаш не сакајќи или сакајќи го навредуваме колегата што припаѓа од друга нација и тој да размислува за едно минато и доаѓаме во ситуација да гледаме едни на други дека не очекував од овој мој колега дека ќе каже такво нешто. Такви тешки зборови. И, не можеме ние употребата на знамето да ја ограничиме дотаму, ако некој во историјата знамето го злоупотребувал и да мислиме дека тоа знаме припаѓа на тој народ и на таа националност со тоа што една група или групација го злоупотребила.

При злоупотреба на тие знамиња ние имаме разни убиства, затоа ние сме разговарале и сега дали е долично и лично и добро е да се праша тоа, под кое знаме се убиени младите луѓе во Велес, под кое знаме се убиени млади луѓе во с.Блаце, под кое знаме се убиени таму и таму итн. Немојте ве молам, лошите примери при раскажување премногу историја, тогаш ни оневозможуваат да градиме живот врз основа на разликите , а тие разлики ги имаме, постојат во РМ, тоа е една реалност. И, зошто не сакаме да сфатиме дека таа реалност постои и врз таа реалност, врз основа на разликите да се гради живот кој навистина ни припаѓа на сите нас.

Зошто го доведуваме и удираме најповеќе на тоа што е интегритет на државата. Се чини некој се повеќе кога слушаат, кога читаат, кога гледаат тоа во секојдневието, дека РМ со уште еден чекор е веќе во

Партнерство за мир, со уште еден чекор влегла во колективна одбрана, односно во НАТО, се повеќе се вознемирени тие групации или поединци , се загрозува интегритетот на државата. А јас би рекол напротив само се зацврстува секој ден интегритетот на државата. Со самиот факт дека имаме една определеност, односно имаме една опција која навистина е перспективна. (со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието г-дин Блаже Филиповски, во 15,35 часот)

Слушаме, читаме и од медиумите овие денови е огромен притисок и просто ми е непријатно понекогаш тој притисок, колкав и каков притисок се прави врз најдобрата алтернатива засега во РМ , врз СДСМ и ПДП. Има и социјалисти кои се во Владата. Јас сум за слобода на печат, слободен печат, меѓутоа вакви ситуации кога се работи за симболи да се искористат на насловни страни, големи букви, ќе доведеме ситуација кога тогаш нема да има ни слободен печат , односно нема да има ни печат ни слобода.

И ако се заложуваме за таква функција, не знам кој кога и колку ќе чита. Јас понекогаш си велам и ги прашувам и моите колеги, прашувам и други, крвава војна во Босна и Херцеговина, дали сте слушнале дали погина некој пратеник таму, освен една хеликоптерска несреќа таму. Дали погина? А, ние како пратеници кој тука и многумина потенцираат имаме одговорност. Ако имаме одговорност и одговорни луѓе сме треба да внимаваме и што кажуваме и што зборуваме, затоа што тие што не избраа бараат ние да мислиме за нив и да мислиме за нив , односно да кажеме она што е перспектива за нив.

И, ние како Пратеничка група со капацитетот, нивото на употребата на знамињата. Меѓутоа, ставени сме во една ситуација кога треба да се надминеме себеси од вакви ситуации да се извлече тоа што денеска може да се извини бидеме прагматични во одредени ситуации мислејќи,

верувајќи дека ќе се отвара таа оптимистичка варијанта и ќе градиме живот врз основа на таа оптимистичка варијанта. За жал, имаме луѓе кои навистина преку нивните појави , односно појавувања во разни други емисии кои нивниот нарцисоизам, можеби луѓе кои се зависни, болни од нешто, имаат проблеми и тие нивните пораки се многу лоши, нивните пораки директно влијаат уште повеќе да се создаде атмосфера за политичка ситуација, која навистина најмногу треба да дојде сега до израз токму кога ја поминавме првата фаза на демократијата и веќе сме вклучени во градење на демократски институции, односно во градење на вистинска права демократија во државата.

И, таквите кои понижуваат, кои со еден речник понижувачки, навредувачки настапуваат навистина се прашувам јас што е со овој човек, просто ги жалам тие. И, тие удираат Влада, па Влада, Влада па јунаци, и, така употребуваат зборови, употребуваат зборови за Шиптарите правда колку арапите во Франција. Тоа е некоја лоша болест. А што сакаат тие луѓе, да не мислат дека денеска, во денешно време да имаат Влада со комитско-качачки состав. Влада која не може да се распореди во никое цивилизациско општество денес, по кој редослед и по кој распоред ќе може да се распоредува некоја таква Влада.-И што е ова? Ова е промашување на еден век и со промашување на еден век во исто време ти велиш дека јас ќе се вклучам или интегрирам во сите тие Европски и цивилизациски опции итн.

Морам да Ви кажам непријатно сум изненаден од некои мои колеги кои од овие години што сум јас во Парламент по мое убедување така ги ценев и ги мислев дека спаѓаат во умерените, во разумните. Јас не знам што стана со нив, знам што е. Некој притисок извршен од разни страни од тоа што е читање, од каде доаѓа, во која средина се движи и само

тогаш размислувам , не сум никој јас да проштевам, но размислувам нека им биде простено односно едно мое проштевање затоа што веројатно се најдени во една ситуација, во еден круг каде се движат што во овој случај тешко да се надминат себеси.

Уште еднаш порака е во разликите немојте и не би требало никогаш да се гледа нешто што е опасно по живот. Напротив да се гради живот врз основа на разликите како што реков на почетокот затоа што тие разлики постојат и ги имаме во РМ.

И токму во времето кога има навестувања дека во РМ и кон РМ веќе тој прогресивен свет, богат свет е свртен посериозно, тогаш некако се наоѓаат групации, се наоѓаат политички партии кои навистина почнаа и да врескаат, токму во време кога имаме навестување дека и во економијата и во стопанството ќе се подобрат работите и во интегрирањето во разни институции, тогаш некако стануваме по нервозни.

Но, ние треба да истраеме. По некогаш си велиме дека вреди да се жртвуваш и во политиката за доброто на својот народ. И се надевам дека и понатаму најдобрата алтернатива, токму кога се во прашање и овие проблеми со ваков значај, со ваква чувствителност, најдобрата алтернатива и кај тие кои ќе извлечат од вакви ситуации тоа што дава можност понатаму да се гради општество во РМ за кое сите на еден начин се залагаме. А, секоја порака да се трансформира Албанецот во нешто друго или симболот во нешто друго , верувајте дека тоа во никој случај не може да се компарира со тоа дека треба да се трансформира капиталот, општествениот капитал во приватен капитал и сега и употребата на знамето како сака некој да ни каже дека треба да се трансформира од општествен во приватен капитал. Мислам дека тоа

право го немаат тие што мислат така и такви пораки за менуваше на знамето итн.

Јас одговорот го имам, јас не завлегувам иако лично мислам дека во тоа што е национално знаме не треба да направиме ништо повеќе од тоа што е, а размислете ако имате почит кон нас дека ние сепак во РМ претставуваме само една десетина од Албанците и никој ниту размислува да ни даде, ниту ние размислуваме да земеме такво право ние да правиме промени во националното знаме. Мислам дека тие пораки се сувишни и во овој случај не би требало да бидат како такви.

Благодарам.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитуван господин потпретседателе, почитувани дами и господа, мојата дискусија невообичаено ќе ја започнам со една порака, поради тоа што пораките обично се оставаат на крај, а јас еве ќе почнам во самиот почеток.

Пред едно четири години добив покана, ако добро преведувам, Сојузот на европските турци во Германија да учествувам на нивниот конгрес и сем оној протоколарен дел, имав прилика да видам ред, ред други нивни организираности, кои што ги имаат во таа земја и пошироко. Бидејќи бев на посета и во Белгија и во Холандија. Меѓутоа, нешто што беше невообичаено, можда интересно, можда малку и смешно, тие ни предложија да одам на една посета во Келн и тоа на сред Келн, да една држава, новоформирана држава, а тоа беше Турска Исламска Република. Точно вака стоеше на влезот во таа држава, тоа беше еден простор, да кажеме, нешто помал од Сарај и јасно при влегување во таа држава малку невообичаено пак викам веднаш се појавија луѓе со големи бради, со долги фустани, работилници, ресторани и на крајот од целиот овој низ имаше една зграда со темни ходници во одредени места наоружани луѓе со ножеви и додека стасаш во оној главниот, тој беше главниот нивни претседател еден бивш пратеник на Турција Џемалдин Каплан- кој што беше мислам протеран од Турција и казнет со доживотен затвор или смртна казна. Тоа стварно сега не можам да ви кажам, меѓутоа што ми падна повеќе во очи турското знаме на самиот влез и јасно на никого ова не му сметаше, барем во Германија.

И што сакам да кажам. Тој човек во Турција беше осуден и протеран. Јасно е дека сите знаеме дека Турција е балканска земја и ја-сно оваа порака како сака секој може да си ја сфати. Оставам сами да си

Сега како второ сакаат да го изигруваат вториот Гоце Делчев, па го замислуваат овој Парламент како арена за научно натпреварување, заборавајќи притоа дека во овој Парламент се врши политичко натпреварување. Секој од нас при прифаќање на кандидатурата за пратеник свесно е определен за определена политичка програма или опција, па сигурно е должен таа политичка програма или опција да ја спроведува додека му трае мандатот во овие парламентарни клупи. Во услови на демократија секој граѓанин е слободен да избира политичка програма на политичка партија, независно од тоа дали одредена политичка партија ја спроведува својата програма во услови на тоталитаризам или не. Ако мојата партија, Партијата за демократски просперитет со своите коалиционин партнери. Социал - демократскиот сојуз и Социјалистичката партија во оваа коалиција, меѓу другото го има зацртано како клучно прашање, прашањето на релацирање на меѓунационалните односи во Република Македонија тогаш јас како пратеник должен сум да ја спроведувам оваа програма. Не случајно кажав дека релаксирањето на меѓуетничките односи е клучно прашање, бидејќи тоа е појдовна основа за идниот развој на Републиката. Сигурно дека во тензионирање меѓуетнички односи како нестабилно подрачја граѓаните на оваа Република не може да очекуваат некоја поблескава перспектива.

Дозволете ми драги колеги да ве- потсетам дека баш со донесувањето на Законот за употреба на знамињата 1983 година до осумдесеттите години можам со сигурност да тврдам дека постоеја најрелаксирани меѓуетнички односи во оваа Република. Независно од тоа што во тоа време се истакнуваа и знамето на албанската националности и на турската националност, суверенитетот како на една од осумте конститутивни елементи на оваа Република во Бившата Социјалистичка Федеративна Југославија, никогаш не дојде во прашање таква опасност. Верувајте не можам да бидам рамнодушен на настапите

на разни во име на некоја квази наука се повеќе само ги заоструваат меѓуетничките односи. Да не зборуваме пак за дел од печатот кој со бомбастични натписи од првите страни се страв за наводно распарчување на Македонија. Не тврдам дека не постојат сили кои би сакале да ја распарчат Македонија постоеле, а и во иднина ќе постојат. Но уверен сум дека најголемиот број на граѓаните на оваа Република се за една стабилна држава, каде рамноправноста на граѓаните треба да има карактер на највисоки стандарди ко^ што постојат во светот.

Да се вратам уште еднаш на нашата работа и улога како пратеници во овој дом. Како пратеник но и како човек не можам да бидам рамнодушен ако видам појава на форсираност кај одредена единка или одреден колективитет. Тоа се надевам треба да е грижа на сите нас, кои што седи ме во овој дом. Како прво ние треба да ја создадеме меѓусебната доверба а таа сигурно понатаму ќе се пренесе меѓу луѓето кои не избрале, односно нашиот електорат и меѓу луѓето околу нас.

Слободно можам да тврдам дека таа, мислам на довербата меѓу нас тука е секој ден се поголема и поголема, но и околу нас. Ние можеме да имаме различни мислења за одредено прашање, но ќе се убедуваме ако треба со денови, но со аргументи додека не најдеме одредено заедничко решение за некој одреден проблем. Ако даречеме мојот драг колега Игнатие "Богдановски или Мирко Трипуновски, или било кој друг даваат свои видувања за одредени проблеми, посебно од сферата на меѓунационалните односи, длабоко сум уверен дека тоа го прават со добра намера. Се под- разбира кога јас мислам дека сум во право, што не мора и да значи. Но ако постои меѓусебна доверба, многу лесно ќе можеме да најдеме и заедничко решение. Дајте оваа доверба да ја прошириме меѓу нас, независно дали некој е во позиција или во опозиција. Законот за употреба на знамињата на националностите се обидува една традиција кој со векови постои, да ја стави во одредени

законски рамки. Како што рече и самиот министер во своето уводно излагање Република Македонија не прави преседан во оваа област, бидејќи употребата на знамињата на етничките групи било регулирано со закон и во други земји. Но, и таму каде што не е регулирано се заинтересирав и не најдов земја во која употребата на овие знамиња е забрането со закон. Употребата на македонското знаме во Австралија и во САД сигурно дека не го загрозува интегритетот на тие држави, но само се искажува степенот на демократичноста на тие држави.

Овој закон кој што денеска го разгледуваме само се обидува да ги елиминира сите злоупотреби и манипулации кои што^е случуваа во оваа област. Меѓутоа, не гледам никаква причина за ограничување на употребата на знамињата на националностите и за време на државните празници во Република Македонија во една поширока димензија, отколку што го пропишува самиот закон. Тоа сигурно нема да го доведе суверенитетот на Македонија во прашање туку ќе значи празнување на тој суверенитет и од страна на самите националности кои живеат во таа Република. Јас тоа така го сфаќам. За таа цел се дадени некои амандмани што јас лично ќе ги поддржувам, а се надевам дека и предлагачот на законот ќе ги прифати.

Со овие амандмани сигурно е дека и Законот ќе биде многу, многу посодржаен.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави Сами Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, и претставници на Владата. Ќе се потрудам да бидам јасен, мојот личен став во врска со овој закон е јасен, а тоа значи дека Законот треба да го изгласаме но само ако се усвојуваат амандманите амандирани од пратеници албанци, а пред се од општина Гостивар мислам дека

тој е од 12 општини па тој нека биде од поважните амандмани. Зошто Владата на Македонија не ги симнува од дневен ред засекогаш процентот со кој би се обезбедиле правата на еден одреден или на една одредена националност. Албанците и званично без да влегуваме во тоа дали попи- сот беше реален или добар или манипулиран, сепак тие со пописот од 1994 година претставуваат 23% од целокупното население во Република Македонија. Значи, тие се значителен број над тоа 20% за да ги имаат своите права во целата територија на Македонија таму каде што живеат албанци. Не мора да се бара знамето или јазикот да се употребува во Струмица или каде што не живеат албанци, туку јас мислам дека секој албанец на територијата на Македонија треба да ги ужива правата што ќе ги уживаат и другите албанци во Македонија. Тоа што ќе го има тетовчаенецот да го има и скопјанецот и албанците од Крушево, Битола или Прилеп, да не направиме сегрегација. Впрочем, никој и никаде досега, ни во Европа, ни во Америка секаде каде што сум прашувал која е дефиниција на национално малцинство, а јас со терминот национално малцинство не се согласувам, сум рекол дека и националноста е некој измислен термин, како што е народност. Јас се чувствувам себеси како народ или најмалку дел од еден народ на Балканот. Нема таква дефиниција никаде, нема ни проценти на некој колективитет да живее некаде, па ти си националност или спрема овој број ти си само малцинство итн,

Правиме компарации односно кога правиме компарација со Швајцарија, ќе велат па не сме ние Швајцарија. со Канада па не сме ние Канада, со Финска, не сме ни Финска, ние сме Балканот, или југоистична Европа.

Ако се компарираме со Хрватска, Словенија, Романија или Украина велиме дека тие не се доволно развиени во транзиција се и нема уште права демократија кај нив, па можеме да се споредиме со Европа. Ова значи една игра и затоа јас предлагам да ги оставиме овие компарации,

да не се компарираме со никого, бидејќи секоја земја има свои особености, специфични, културни, географски, научни, етнички особености, така што да ја согледаме реалноста во Македонија и само со тоа, ако бидеме реални, спрема реалноста ќе достигнеме некоја, пак да кажам, реалност која ќе не смири и ќе ги оладни малку вжештените глави на некој си како што јас ги нарекувам темни сили во Македонија или околу Македонија.

Знамињата треба да се употребат, нека даде господ, во мир и слобода, да се употребат знамиња секаде каде што ќе посака македонскиот граѓанин. Државното знаме и своето знаме што ќе го избере тој.

Нека вејат знамињата каде и да било, бидејќи во Германија низ Берлинските улици или Минхенски улици Германецот нема да брои знамиња, ниту ги гледа знамињата. Тој брои нови БМВ, нови мерцедеси, коли, опел, фолсфагени и навечер во вестите ќе ги гледа како е франкфуртскате берза,ќе се гордее со постигнатиот резултат во германското стопанство. Истото го прави и французинот, англичанецот и другите европскине земји, а ние сеуште се вбројуваме, сеуште се дозираме, сеуште со проценти даваме толку или толку права, или ќе одземеме толку и толку права, па дајте да влегуваме во Европа со позитнвно стопанисување, демократска толеранција, целосна рамноправност на граѓаните, со одреден висок степен на култура и одлука. Кога би поставиле односно кога би ги оставиле настрана минатото, национализмот и меѓуетничката нетолеранција, верувајте дека Македонија многу, многу побрзо од другите европски, балкански земји ќе се европеизира.

VIII/1.-СП/МЛ

**САМИ ИБРАИМИ:(**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Се додека не сфатиме дека употребата на знамињата на националностите ниту ќе ни го поправат ниту ќе ни го влошат животот во Македонија или стопанството на Македонија, или да ја загрозат слободата на секој граѓанин во Македонија, тогаш не сме сфатиле ништо и уште сме далеку од тоа што реков понапред, од реалноста.

Уште еднаш ќе речам ако амандманите се читаат и се земат посериозно, ако се менува нешто во предложениот закон верувајте дека ова ќе биде еден важен корак за сите немакедонци, албанци, турци, срби кон интеграција во нивната земја викана демократска Република Македонија, а јас верувам дека ќе бидете внимателни со усвојување на амандманите амандирани од албанците и од некои општини што ги водат албанците во Македонија.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Процедурално господинот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Забележувам дека во салата за вака важно прашање се р&справа, а салата е полупразна. Тоа е едно.

Второ, би ве молел да обрнете внимание кога дискутантите наведуваат дека постојат некои мрачни сили или дека некои се болни, а се од аспект дека се зборува околу законот, мислам дека треба да интервенирате. Треба да укажам на една ноторна невистина дека знамиња во целиот свет нормално се вејат на туѓи нации, меѓутоа, во одредени пригоди и никаде во светот, освен во тие три земји кои ги наведе господинот министер, а 186 земји постојат регистрирани во

Обединетите Нации го немаат решено прашањето со знамињата, но само три-четири земји и сакам да кажам дека (реакција од место дека ова не е веќе процедурално, туку дискусија), потпретседателот му дава збор да продолжи.

Сакам да укажам дека тоа е невистина и дека пратениците не треба да се служат со невистини. За волја на вистината само три, односно четири земји го имаат решено прашањето за употреба на знамињата на националностите.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ова веќе не е процедурално, па завршете.

Има збор господинот Мешков, а забелешката околу присуството во салата вие постојано влегувате и излегувате, па мислам дека е неможно постојано да се брои. Ова е последен дискутант, па се надевам дека ќе завршиме. Повелете.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги. Пред да го изнесам својот став по однос на ова, сигурно многу сериозно и важно прашање, би сакал да укажам на четири работи.

Прво, дека во моето излагање и воопшто во денешните излагања не треба да зборуваме за негирање на било кое државно знаме, па ни на албанското, туку денеска ние зборуваме за еден пред- лог на Владата за употреба на таквите државни знамиња. Значи, со сиот пиетет спрема сите знамиња и спрема албанското, но зборуваме за употребата на тие знамиња и за ништо повеќе од тоа.

Второ, да не се добие некое чувство дека овде сега употребуваме односно зборуваме само за употреба на националното знаме албанската

националност иако тоа прашање е приоритетно во секој случај во разгледувањето на овој закон, туку зборуваме за употребата на знамињата на националностите во Република Македонија.

Трето, барем јас лично не би сакал така да бидам сфатен дека не зборуваме ниту за страв ниту за некакво актерство овде што го искажуваат одредени пратеници, ниту за притисоци на партиски лидери, зборуваме можеби за притисоци што ги имаме од нашата изборна единица, расположението на нашите бирачи и ние мора да бидеме, се разбира, под тие притисоци и покрај нашиот личен став кон ова прашање (со седницата продолжи да раководи Тито Петковски), мораме малку и да го изнесуваме расположението на тие што не избрале и што не довеле овде во овој Парламент.

Четврто, не би сакал од моето излагање некој да сфати дека сум фрустрирана личност заради тоа што ќе зборувам за правниот основ за донесување и предлагањето на овој закон, за примената на Уставот на Република Македонија онаков каков што е донесен и во текстот во кој денеска го имаме, а тоа, се разбира, не е фрустрација.

Некако во последно време навикнавме Владата на РМ со политиката што ја води и потезите што ги влече да не држи постојано во некаква тензија со продуцирање на случаи кои по системот топло- ладно не оддалечуваат од меѓунационалните проблеми за да не преокупираат економските, за веднаш потоа од економските да не префрли повторно на меѓунационалните. И така постојано во состојби без никакви решенија, ниту економски за излез од тешката економска криза, ниту решенија за смирување на меѓунационалните тензии кои, за жал, во последно време полека, но сигурно добиваат загрижувачки размери.

VIII/4.-

Се уште ги немаме заборавено состојбите предизвикани со донесувањето на Законот за Педагошкиот факултет, се појавија случаите ТАТ, Алфа С, Лавци, кои полека се подзаборавaат, за што еве сега имаме нов случај. Но, тука е превидот на владиниот потег. Измамениот, ограбениот и осиромашениот народ нема така лесно да се откаже од својот Устав, од гордоста, од идентитетот и територијалниот интегритет на својата држава за што ако ги изгуби нив, не му останува ништо. На тоа јасно укажуваат реакциите против овој закон од страна на целокупната македонска јавност, вклучувајќи ги и мислењата на многу еминентни стручњаци од оваа област. Но, Владата очигледно не е многу загрижена за тоа зашто власта мора да се задржи по секоја цена. Во тоа не може да ја разубеди ниту Уставниот суд на Република Македонија, највисоката судска инстанца во државата, чија одлука во врска со употребата на знамињата на националностите иако употреба врз основа на одлука на општинско собрание беше јасна и недвосмислена.

Владата на Република Македонија мораше да ја испочитува оваа одлука зашто е таа, се разбира, согласно Уставот нејзините одлуки се конечни и извршни и да ги симне неуставните знамиња од јарболите каде што се поставени. Наместо тоа, Владата предлага закон со кој ја озваничува нивната употреба, со што, доколку законот се донесе, ги охрабрува сите оние кои се против добрите меѓунационални односи, територијалниот интегритет, уште посмело и похрабро да преземат нови чекори за остварување на нивната цел.

Основното начело за донесување на овој закон е "пазарниот принцип со примеси на сивата економија". Но, во случајот пазарлакот можеби некому му одговара, но не му одговара на македонскиот народ. По принципот дека во некои места може преку знамето да се искажува

својот национален идентитет, а во други не може, на индиректен начин како да се зацртуваат некакви етнички граници во Република Македонија. Дали од императивот на состојбите по линија на помал отпор заради зачувување на власта Владата преку законот создава слика дека некои градови и места во Република Македонија каде ќе се вејат знамињата на други држави, како да се надвор од нејзините граници за разлика од други места каде тоа не ќе може да се прави, што сакале или не секој чесен македонец и воопшто граѓанин на Република Македонија за во иднина побудува мрачни асоцијации. Ако појдеме од едно правно становиште кое произлегува од владеачката партија дека знамето е симбол на националноста, нека се објасни пред овој Парламент како тоа знаме некаде ќе ја симболизира националноста, а некаде не. На тој начин се создава конфузија, најпрвин во редовите на истата националност, а потоа и во меѓунационалните односи. Пазарењето стана еден вид најактуелно и на применувањето на власта на полето на меѓунационалните односи дури и во областа на највиталните интереси на македонскиот народ и интегритетот на македонската држава. Пазарење, од кое за жал, на начинот на кој тоа се прави ќе изгуби и ќе трпи само оној што продава и сега и во иднина и ние и тие што доаѓаат. 0бјаснувањата и толкувањата што ги пласираат во јавноста некои претставници на владеачката партија дека со овој закон само се става во законски рамки употребата на знамињата на националностите што во пракса значи гледаме употреба на знамиња на туѓи држави е повеќе од наивно и сигурен сум дека повеќе не ќе може да му го пере умот на народот, поготово не кога на телевизиските камери пред очите на целата јавност ја гледавме манифестацијата на големоалбанскиот национализам во последно време се повеќе гледана иконографија изра-

зена преку синтагмата "Да живее Албанија и Република Косово" и јавно манифестирање преку амблемот на таканаречениот тетовски универзитет, а токму на оваа говорница денеска беше кажано дека интересите на сите албанци во Република Македонија се истоветни. Таквата политика е очигледно каде не доведе. Не доведе во состојба дволгавиот орел да го гледаме на изборните места во Албанија и во Република Македонија и не доведе во состојба да не се почитува нај-високата судска инстанца во državава.

Согласно Уставот на Република Македонија знамето недвосмислено е дека ја симболизира државноста. Не гледам причина поради која на националностите би им пречело да го истакнуваат како државно само македонското знаме кога сите тие се или дел од нив со си-те сили се обидуваат да бидат државјани на Република Македонија. Лојалноста кон државата не може да се манифестира само со барање за добивање документ со кој ќе се користат единствено привилегии, туку и со исполнување на обврски кон неа и кон нејзиното државно знаме. Тоа ниту го зголемува, ниту го намалува чувството на национална припадност која длабоко всадена во секој поединец, туку само ја искажува припадноста кон една држава во која сите заедно на рамноправни основи градат заедничка иднина. Поаѓајќи од интересите и на македонскиот народ и на националностите кои живеат во Република Македонија интересите особено во поглед на суверенитетот и територијалниот интегритет на државата треба и мора да ни бидат заеднички. Тоа единство ќе може да се манифестира само преку едно знаме, а тоа е државното знаме на Република Македонија. Со употреба и веење на знамиња на други држави кои се чувствуваат по свои од својата држава, тешко ќе можеме да ја постигнеме целта и да градиме заедничка иднина,

VIII/7.-

Ова е еден закон кој е исто така вперен и против самиот правен систем на државата. Владата го предлага во услови кога за негово донесуваше нема уставен основ за што впрочем како што претходно реков и Уставниот суд расправајќи по Одлуката на Општинското собрание на Гостивар, се изјасни. Навистина за мене е правно лаички во причините за донесување на законот да се зборува дека знамето на националностите е симбол на изразување на националниот идентитет и култура на националностите и дека причината за донесување на законот е тоа, покрај другото, барањето на некои граѓани на Република Македонија кои сакаат да имаат закон со кој ќе се озакони употребата на знаме на друга држава, значи, некој принцип ако имаме ние знаме, ако имате вие ќе имате и ние, ако имате вие химна ќе имаме и ние химна итн., значи исклучиво е јасно од Уставот произлегува дека знамето е симбол на државноста, а не на националниот идентитет.

Почитувани пратеници, како пратеник особено ме заинтересира дискусијата, односно правното толкување на Уставот во врска со ова прашање од страна на мојот почитуван колега и голем домаќин Туше Гошев. Сите ние сме за негување на националниот идентитет, но треба да се знае дека тој не се изразува симболизирано преку знамето, за што знамето е симбол на државниот суверенитет.. Оттука, ако го земеме како исправно неговото толкување дека знамето на националностите го изразуваат нивниот национален идентитет и култура, тогаш се поставува прашањето каде тој во членот 48 од Уставот на Република Македонија виде дека на националниот идентитет и култура на националностите е само знамето, а не и химната. По таа логика би требало овој закон на националностите да им даде право не само на употреба на знаме, туку и грб и химна. Ако така се толкува членот 48 од Уставот на Република Македонија ;ваквото толкување мислам сега не ми е јасно во што се

VIII/8.-

разликите во толкувањата помеѓу господинот Туше Гошев и господинот Сали Рамадани, во што се разликуваат во толкувањето на членот 48 од Уставот дали само во знамето, дали таа разлика од каде произлегува член 48 не зборува ништо, а сепак вели дека произлегува симболизирањето на знамето за изразување на националниот идентитет, зошто тогаш не и другите симболи.

Ако знамето се сваќа како израз, односно симбол на суверенитетот на државата, како може таа дефиниција во правната наука како што вели мојот колега, да има значење само на употребата на државното знаме на Република Македонија, а тоа да не се однесува на употребата на албанското знаме. По истата логика, односно дефиниција, дали нема да значи тоа дека во Република Македонија покрај македонскиот се пропагира и суверенитетот на друга држава?

Трето, ако знамето, согласно членот 48 од Уставот на Република Македонија е симбол на изразување на националната припадност, како тоа ќе се однесува за националностите во одделни места на Република Македонија, а во други тоа истото не ќе може. Од овој аспект произлегува толкувањето на мојот колега Гошев чесно преку него фактички чесно си го заработува лебот исполнувајќи ја својата партиска задача, во случајот тоа го чинам и јас, но со таа разлика што зад ова мое мислење убеден сум стои расположението на најголемиот дел граѓани на Република Македонија.

Почитувани пратеници ставот на Либерално - демократската партија е јасен и недвосмислен. Уставот на Република Македонија регулира химна, грб и знаме на Република Македонија, исклучиво како државни симболи, тоа е членот 5 од Уставот и ништо повеќе од тоа. Оттука е јасно дека овој закон не треба да биде донесен од

Парламентот, со што ќе и се даде на знаење на Владата дека и овој пат и многу пати до сега влече погрешен потег.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Паѓајќи од фактот дека и Либералната партија гласаше за Уставот, а основни беа двата постулати за уставното уредување на земјата, а тоа беа модерните регули во модерните устави на демократската традиција на тие земји, кои ние го прифативме тоа уредување и

Втората компонента беше колективното паметење, политичката традиција на кој простор се прави македонската држава односно способноста на граѓаните да ги спроведуваат тие регули. Со еден збор нивната идеологија. Очигледно кај Либералната партија немаме рамнотежа меѓу модерните решенија кои Уставот ги содржи, за кои тие гласаа и нивната граѓанска способност да ги спроведуваат тие регули. Па. поаѓајќи уште од преамбулата на Уставот каде се кажува дека македонската држава се конституира како граѓанска и демократска - држава., па продолжувајќи во" членот 8 каде се ставени темелните вредности на Уставот на Република Македонија а тоа е трезорот, благото што го содржи Уставот кое му дава посебна вредност на Уставот и разработувајќи го тој член, почнувајќи од алинеја 2 каде се кажува "слободно изразување на националната припадност", па бидејќи нашиот Устав е Устав на слободите и правата на граѓаните, па продолжувајќи во втората генерација на правата во економските, социјалните и културните права, завршувајќи на членот 48 став 1 од Уставот на Република

Македонија, цитирам: "Припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и национални особености. Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите". Со тоа господине Мешков, Уставот употребил техника на тотал или глобал техника во суштина дефинирал оставил слободно на националноста како ќе го изразува својот национален идентитет. Ако Уставот мислел да ја дефинира таа национална припадност како националностите ќе го изразуваат својот национален идентитет во позитивна нумерација по вашата логика во суштина ќе кажел на кои методи и на кои начини тоа ќе го прави.

Оттука, можам да кажам дека со ваквиот пристап на толкување во суштина вие ги ограничувате слободите и правата на националностите тие слободно да го изразуваат и негуваат својот национален идентитет. Кога Уставот, во суштина, употребувајќи ја таа техника на глобал или тотал техника во позитивна нумерација, не ја дефинирал ниту по обем ниту по содржина изразувањето на националниот идентитет, вие на националноста не можете, во суштина, да им забраните тие, својот идентитет да го одразуваат преку знамето.

**ТУШЕ ГОШЕВ: (**продолжение)

Основното прашање на разликата меѓу државното знаме, како што е регулирано во членот 5 од Уставот на РМ, за тоа се бара државното знаме да биде донесено со закон со кој се бара двотретинско мнозинство во Парламентот. За операционализација на тој закон ние пред малку донесовме закон за употреба на знамето, кој Закон во суштина ги дефинира сите места во РМ, каде знамето на РМ ќе го симболизира суверенитетот на РМ, од една страна, и ќе ја изразува субјективноста на РМ во односите со другите земји. Во суштина двете компоненти го чинат државното знаме на РМ.

Поаѓајќи од фактот на тој закон што денеска ние го предлагаме ние со овој Закон г-дине Мешков на националностите не им даваме знаме со закон, ние само обезбедуваме постапка, операционализација на членот 48 став 1 од Уставот на РМ. Односно поаѓајќи од правилата "обиус ибере медиум". Ако некој има право' со Уставот ние мораме да му обезбедиме законита постапка да го оствари тоа право. И во тој закон ако вие го погледате, никаде во хоризонтална колизија не се двата члена. Овој закон во суштина не му прави ниту хеарарсиска субординација на знамето на РМ кој  ги изразува суверенитетот на РН од една страна, ниту може да му прави коалиција врз утврдените места од Законот за употреба на знамето на РМ од друга страна, ниту пак е спротивно во неговото значење, како што се предвидува во тој Закон. Во Законот кој ние го предлагаме денеска кој е на дневен ред, во суштина е закон во кој се обезбедува со кое се операционализира правото во членот 98, а тоа е утврдуваме постапка за употреба на тоа право.

IX/2.-

Оттука, толкувањата и изедначувањата на двете знамиња заедно е тотална погрешка. Во суштина ние не разликуваме од државни симболи во симболи кои го изразуваат идентитетот на таа националност утврдени во членот 48 став 1 од Уставот на РМ. Оттука, таквите толкувања во суштина покажуваат две димензии. Една неспособноста да го сфатиме Уставот на РМ во парационализацијата во неговите одредби, а од друга страна семантичкото демократско однесување на политиката. се криеме низ институциите на системот, а во суштина не сме способни да го спроведеме Уставот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Еве го Уставот овде. Изелзе разликата меѓу моето толкување и толкувањето на г-динот Туше Гошев. Г-динот Гошев ми објасни многу добро. Тој ни даде одговор, но неговиот одговор е до половина пат. Тоа е точно. Тој ви даде одговор колку нему му треба, колку нему и на неговата Влада им одговара и за него е оправдано, објективно, реално. Меѓутоа, мене и на албанците во Македонија не ни одговара тоа, туку ние го толкуваме овој член поинаку. Тоа што беше цитирано еднаш и повеќепати од мене е членот 48, став 1. Знаете дека и насловот е дословно на самиот закон. Толку долг закон, толку долго и непотребно, само да знаете сите дека тоа го цитираме и од Уставот нема мрдање. Тоа е нивна тактика.'И тоа е добро и ако не одговара. Значи во член 48 припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат, да ги негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености. Значи, не можеме ние да развиваме идентитет само на едно место, само на еден дел од населението. Г-дине Гошев јас така го толкувам, а не како вие. За сите тие луѓе за цела националност, каде да е, значи нема ни број на ограничување, било тоа да е еден припадник на соодветната националност, значи да се негува идентитетот, да се

негуваат особеностите кој многу не се разликуваат со г-динот Гошев и од вас Мешков. Значи ние одиме до крајот и овој член е многу јасен, значи тоа што бара националноста да го изразува, да го негува да го сочува идентитетот и особеностите, треба да му се дозволува и тоа до крајот доследно без компромисно се, а не како што е во Законот, значи само за време на државните празници на РМ и тоа предвиден со Закон на МР. Таа националност бара да ги изразува своите чувства, идентитетот, особеностите како националноста сака, а не како сака некој друг со било кој закон да им ги ограничува. Овој закон со кој ние не се согласуваме, не велам дека нема ништо има еден процент до четврт пат оди. Само до кога ние балканците ако одиме до крајот да се изразува идентитетот и особеностите доследно се до крајот, затоа мислам или да се прифаќаат нашите амандмани кои следуваат и од мојата парламентарна група, или за нас албанците како што бара и либералодемократите воопшто да не се гласа за овој закон. И вие од СДСМ имате проблеми. И вие сте на пола пат. Или ќе одиме машки до крај, или никако. Тоа е моето толкување и тоа е точно толкување целосно доследно до крај, а не до пола пат.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Мене ми е мило што со вакви првни. аргументи се спориме околу некои работи и сега мислам, чисто како што ме учеле дека е многу грешно Уставот како највисок акт на државата да земеме сите овде и слободно да го толкуваме како што некој мисли. Ние читаме што пишува во Уставот и така мораме да зборуваме. Освен тоа во членот 48 се зборува дека припадниците на националностите имаат право слобода да го изразуваат,негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености и јас пред малку прашав каде е оваа одредба на членот 48

произлегува дека националниот идентитет и особеностите ќе се изразуваат преку симболот знаме, кога во членот 5 од овој Устав многу јасно пишува дека знамето и химната и грбот се државни симболи на Република Македонија, а не се симболи за изразување на национален идентитет итн. Тоа е многу јасно напишано во членот 5. Исто така, јасно прашав од каде произлегува толкувањето, еве по толкувањето на г-динот Рамадани, јас него ако добро го разбрав, за да го изразува својот национален идентитет од каде само преку знамето. Ако бара да го изразат националниот идентитет преку химната - и преку химната. Ако бараат преку грб - и преку грб. Така го разбрав, мислам дека така го толкува членот. Прашав од каде г-динот Туше Гошев најде дека во членот 48 прави разлика дека само знамето е симбол за изразување на националниот идентитет, а не и некој друг симбол кој што е зацртан во членот 5 како државен симбол. Сега јас не сум ни против, ни за, затоа што не сум тој што ниту давам, ниту ограничувам права, меѓутоа зборуваме за правна примена на Уставот на Република Македонија и мислам дека тука секакви толкувања дали се тие одредби модерни, или не се модерни, јас можеби сум конзеравитен тип, не сум модерен тип, меѓутоа битно е тие одредби какви се такви се, така треба да ги применуваме, без оглед дали се модерни или конзервативни.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Г-динот Мешков изгледа не може да се снајде, па да му кажам вака. Преку овој член 48 став 1, овој член е само еден од сегментите во кој се гарантираат правата на народносите. Членот 5 е друга работа Тоа е државно знаме. грб, химна. Ние бараме исто така, а тоа ќе биде поврзано со знамето и химната да се изведува на албанците. Не на Албанија, туку на албанците. Друго ќе дојдат потоа ние имаме основен член на Уставот. Имаме преамбула за сите најважните па ќе одиме ова е само нешто во однос на основните начела на преамбулата.

Овој член има важност на една мала операционализација. Се детализира нешто, се конкретизира. Само за жал како предлог е на пола пат. Утре ќе дојдат закони и Законот за рамноправноста на јазиците. Не очекува Законот за високо образование. Значи тоа што е тука е само ние така го сфаќаме, но ние го чувствуваме Албанците дека е и идентитетот и особеностите се изразуваат и преку знамето, затоа што увствуваме, тоа екстрадиција на народ кое го употребува со векови. Тоа е наша. Дозволете ве молам тоа што е наша особеност, специфичност разлика, преку разликите можеме да бидеме и заеднички, дајте ние сами албанците да решаваме. Вие решаваа за вашите специфичности, а тоа што ние заедничко тука ќе го решаваме заедно. Се сеќавате не реков грбовите, туку грбот. Значи грбот е во прв ред симбол на државата .Ако не, тоа ќе биде во амандманската расправа, ова знаме и така ќе се употребува како сега, така и во иднина. Значи бадијала трошиме време. Да не кажеме тоа што кажа Уставниот суд. Веројатно СДСМ ке гласа, но веројатно Уставниот суд тоа ќе го оспорува. И што правиме? Ништо. Работиме за нула работа.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Дами и г-да пратеници, имав прилика после неколку интересни дискутанти што се јавија пред мене со ова мое јавување да дадам некој коментар по однос на истите, но нормално неспомнувајки ги нивните имиња да не го малтретираме и вашето и на јавноста внимание.

Мислам дека сфаќањето дека со овој закон се врши операционализација на Уставот во делот на правата и слободите на граѓаните, едно многу искривено толкување на Уставот за мене тоа е најбитната содржина и квалитет на граѓанскиот Устав со кој сите се гордееме и прашувам, а во што јас сум убеден дали има поголема афирмација заштита на правата од единствено државно знаме за

граѓани на Република Македонија -така е и така треба да биде сфаќањето на овој Парламент и воопшто. Понатаму, исто така едно интересно сфаќање за операционализацијата на членот 48 став 1 од Уставот дека ете тоа негување и афирмација на националната припадност и идентитет значи предлогот на овој закон. Ние сите сме свесни за содржината на овој Закон, а тоа и во дискусијата е веќе по многупати обелоденета дека со овој Закон фактички се дава и потреба на знамиња во оние општини каде припадниците на националностите се мнозинство. Тоа се во општините од Западна Македонија, каде се работи за албанската националност и каква ќе ве молам потврда на националниот идентитет ќе претставува и тоа јавно треба да се каже, не симбол одреден кој ќе значи национален идентитет и самобитност, туку во овој случај јасно со ваков предлог, со ваква содржина, фактички се озаконува употребата на официјално државно знаме на соседна држава во РМ./ Мислам дека е тоа контрадикторно и противречно со објаснувањето на некој од претходните дискутанти и не е прифатливо. Зошто е ова противуставно - противуставно е и многупати од претставниците на Либерално декомократската партија беше овде истакнато од неколку моменти. Тоа е дека носител на суверенитетот и граѓанинот . Ние донесовме граѓански Устав. Во членот 5 е регулирано дека државни симболи се знамето, химната и грбот на Република Македонија. Ова сега што се предлага, фактички не е во согласност со овие напред искажани уставни определби кој го симболизираат граѓанскиот суверенитет и територијален интегритет на Република Македонија.

Понатаму, мислам дека со донесувањето на ваков закон во иднина и во сегашна една практика, пред се на притисок, овозможувајќи една тензија на меѓунационални односи, по една вештачки измислена проблемска состојба со употребата на знамињата на националности на неколку општини,под притисок на таа пракса е врши една злоупотреба од

Владата на нејзиното предлагачко право, под притисок на таа практика и меѓунационална тензија преку употреба на знамето на националностите во некој општини од Западна Македонија да се предложи ваков закон. Сметам дека врз база на притисок, врз база на една незаконска практика со употреба на знамиња на националностите, не треба Владата да го злоупотреби своето предлагачко право и да ни предлага ваков закон. Тоа е основната реакција по однос на Законот. Понатаму, сметам дека во иднина вака донесениот закон ќе има многу големи импликации на загрозување на суверенитетот и територијалниот интегритет во Република Македонија кога ќе значи провејување на знаме на друга држава на дел од територијата на РМ која цело време преку тоа ќе симболизира одредени територијални претензии спрема РМ што за мене е не оправдано уште повеќе имам убедување дека тоа се носи заради одржување на компромисната состојба во Владата на РМ, заради коалициониот партнер на СДСМ, ПДП.

И на крајот сметам дека овој закон не треба да се усвои од едноставна причина што ние претходно го донесовме Законот за грбот, знамето и химната на Република Македонија.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал исто да се искажам по овој Предлог закон на Владата и веднаш да кажам дека сметам дека нема основ уставен правен за донесување на истиот. Според Повелбата на ОН право на држава се одликува со три елементи, тоа е територија, народ и власт која се протега на цела територија. Во теоријата на државите и правото постои разлика помеѓу државите кои имаат неделив суверенитет а државите кои имаат поделен суверенитет, односно постојат држави кои се унитарни и кои се составени од повеќе држави односно конфедерација.

Х/1.- НН/ОМ

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:** (Продолжение)

Во меѓународното јавно право јасно е искажано што се симболи на државата односно на суверенитетот. Оттука може да се извлече целата генеза дека Уставот на Република Македонија со членот 5 го уредил прашањето на симболите на РМ односно единствено знаме, химна и грб. Оттука од уставно правен аспект за мене претставува посебен нонсенс со закон да се потенцира граѓанската опција на уредувањето на Република Македонија да го изрази поширокиот идентитет на националностите кои живеат, да се воведе категорија на знаме на туѓа држава кое може да се вее за време на државен празник на Република Македонија. Тоа е нонсенс кое не го познава правната пракса ниту можеме да посочиме некој позитивен пример од тој правец.

Она што мислам дека овој закон уште повеќе отстапува од концептот за развој на слободите и правата на граѓаните во РМ, посебно во делот на малцинските права каде ние со право кажуваме дека при донесувањето на Уставот вградивме високи критериуми, ги прифативме многуте конвенции што меѓународната заедница ги познава и отстапување од концептот да се уредува приватната сфера на граѓаните. Тоа по мене само влече корен од едно друго време. Тоа ќе створи многу забуни, а ќе претставува и одреден конфликт помеѓу граѓаните од различна националност, па и вероисповест итн.

Еден од аргументите кои често пати овде се изнесува во однос на тоа дека во историјата на уставното уредување на Македонија постоел период во кој се употребувале знамињата на албанската народност односно турската народност, е точно меѓутоа тоа е како исклучок во правната пракса, и во тогашната Федеративна Југославија, а само да пот- сетам и во тој контекст тие значеа знамиња на други држави, бидејќи

во оној период, колку јас се сеќавам на знамето на Албанија стоеше и петокрака. Верувам дека некој од дискутантите кои сакаат да се поистоветат, тоа знаме да го поистоветат со национално знаме со претставниците на албанците и т.н. веројатно таа петокрака не ја чувствувале како дел од таа идентификација, или можеби ја чувствувале.

Она што во политичкиот дел посебно мене ме загрижува, за кое сметам дека постои една политички дијоптрија на Владата е тоа што настаните на теренот, условно речено во политичкото милје битно се менуваат посебно со последниот конгрес, обединувачки на две политички партии во Тетово каде што и по иконографијата и по платформата се заговараат одредени статусни и други иницијативи за кој мислам дека не треба да ги затвараме очите и како политичка појава треба да бидеме свесни и да се соочиме со нив . Настрана се она што на одреден начин може како обележје на еден политички чин да се препише. Таму сигурно не го видовме Македонското знаме, Македонската химна и т.н. Според тоа мислам дека посуктибилен проблемот и постои по мене основна потреба овој закон да не биде изгласан од проста причина бидејќи уставноправно не стои, со Меѓународните конвенции не стои, не постои меѓународен притисок. Република Македонија на сопственото знаме виде што значи кога со симболот ќе дотакне недефинирани иконографии и т.н. Според тоа мислам дека овој закон, не дојде прво како иницијатива и реакција на националностите во Македонија. Ова е одреден аполитичка потреба која заради севкупните економски состојби во Македонија се повлекуваат меѓутоа последиците ќе бидат на поширок план.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри.

Го имам предвид Вашето долго занимавање со оваа работа, па чувствувам дека кај сите се осеќа умор, но осеќам за потребно да кажам

неколку зборови и јас да кажам со оглед дека се работи за закон кој длабоко продира во меѓунационалните односи. Закон кој длабоко ги продира тие емоции, па затоа мислам дека секој еден од нас треба да прави се денес да донесеме квалитетен закон кој во крајна линија ќе значи релаксирање на тие тензии. Исто така мислам дека ние како пратеници треба да сносиме одговорност за тоа каков закон ќе донесеме.

Она што денес мене ме плаши е околностите во кои го носиме овој закон. Денеска ние носиме еден многу важен закон, во многу не секој дневни околности. Сведоци сме на разни кампањи на разни политички партии индивидуалци кои се повикуваат на оваа или онаа цел, но во суштина тие внесуваат или вршат притисок во Парламентот денес кога се одлучува за еден ваков закон и Парламентот да биде под притисок на тие размислувања.

За мене она што е битно и долго време се мачев околу тоа што значи интелектуалец. Јас искрено да Ви кажам долго време се мачев во тоа, сакав да бидам интелектуалец, а по мене интелектуално значи да оди два чекори напред пред другите, а не само еден чекор. Тој интелектуалец кој оди еден чекор напред може да биде политичар но не може да биде интелектуалец. Интелектуалец првенствено има задача пред својот народ, пред граѓаните, па и пред бога да ја каже вистината без оглед дали таа вистина во тој тој момент ќе биде прифатена од мнозинството. Во тој .момент кога за мене за интелектуалецот ќе му се тапка по рамената за добро искажан збор, во тој момент тој за мене не искажал визија, затоа што историјата ни рекла сите тие визионери, сите тие кои го гледаат светот поинаку од другите или пред другите тие завршија таму каде што завршија, никогаш не станаа лидери, никогаш не станаа вoѓи но никогаш не ги однесоа своите народи каде што ги однесоа тие на кои што им се мавташе и тапкаше по рамењата. Според тоа мене ме чудат одредени натпи- си кои идат до таму да овој закон го

X/4.-

окфалификуваат како атак врз државниот интегритет. Па, јас често како лаик во таа правна сфера се прашувам што всушност значи атак врз територијалниот интегритет. Дали атак во државниот интегритет значи влегување во туѓа војска во една територија. Сигурно дека сите ќе кажеме да, но факт е дека денеска ние во Македонија имаме туѓа војска но никому не му паѓа на памет да каже дека тоа е атак врз територијалниот интегритет. Тоа никој не го кажува по- ради тоа што сите ние гласавме и баравме да дојде таа туѓа војска не да врши атак на територијалниот интегритет, туку напротив да го зацврстува територијалниот интегритет. И денеска кога ние сакаме една ваква севера да регулираме со закон и тоа да го направи овластениот орган, во коректниов случај парламентот, некој си наоѓа за право дека со ова вршиме атак врз територијалниот интегритет.

Ние пред некое време изгласавме овде резолуција со која рековме дека сите меѓунационални односи и тензии ќе ги решаваме низ институциите на системот меѓу дијалог, толеранција и слично. За тоа добивме и признание од сите релевантни фактори кои денеска многу нешта значат во политиката. Местото каде што треба да се води тој дијалог е токму овој парламент. Ние , од друга страна пак многу јасно ни беше кажано од одредени институции што уште треба да направиме. Стејтдепартманот во последната посета на претседателот на Републиката многу јасно рече - ќе ги поддржиме напорите за решавање на меѓунационалните односи .некој овде наброи само проста бројка од 3-4 држави кои викаат го имаат решавано проблемот на знамињата. Да, тие се тие, но кои се тие држави. Тие држави беа држави како нас, бивши комунистички, но тие држави денеска се пред- вратата, или утре ќе бидат членки на нато пактот. Тие држави веќе заборавија за инфлација. Тие зборуваат аз двоцифрен пораст на производството и тоа е многу битно. Ако ние сакаме правилно да ги сослушаме и да го проведуваме тоа што е барање денеска на современиот свет, тоа мораме да го направиме

суштински, не со изигрување и камуфлажа. Интерес е денеска на сите граѓани на РМ да имаат стабилна држава. Мислам дека мнозинството од тие граѓани денеска се изјаснија на разни начинот за тоа но факт е дека има поединци, дека има групации кои тежат и не им одговара тоа. Јас последниве 3-4 дена најдиректно бев со нив. Одржав 4 состаноци со моите ограноци во најголемите села, за да го сослушам нивното размислување за овој проблем. Наидов на разно разни реакции, но јас не се обесхрабрив. Не смејам просто од мојата одговорност да паднам на таа моментално створена клима, затоа што носам одговорност. Сите ние се сеќаваме на одредена господа интелектуалци кои се фатија да се бават со политика. Јас искрено своевремено мислев дека навистина со политика треба да се занимаваат и државата да ја водат најпаметните луѓе како што стои во некоја теорија дека треба така да се води државата. Но времето не демантира, затоа што имавме случаи кога целата стратегија на водење на политика ја водеше една институција, а на тие луѓе кои отидоа до таму и директно да ја спроведат таа политика знаете како завршија.Еден г-дин Коновиќ заврши со самоубиство.И многу други денеска се кошкаат и се буткаат кој прв ќе падне во тој пекол кој самите го создадоа. Мислам дека денеска пред нас е една многу важна одлука. Мислам дека ние навистина денеска, како никогаш досега треба да имаме чувство на одговорност да најдеме прагматично, национално решение. Решение кое е барем блиску и поблиску ќе ги задоволи сите тие заинтересирани. Било каков закон кој што ќе се носи од Кабинет не може да биде близок и толку добар за таа категорија луѓе која треба да го спроведува тој закон. Во конкретниов случај се знае за кого се носи овој закон. Еден архитект своевремено ни кажува како ги барале решенијата за изградба на некоја патека во градот некаде во светот дошле во сознание дека најдобро ќе ја направат тие што треба да врват по таа патека. Првенствено тоа место го сееле со трева за да видат

луѓето каде се движат за да може да се постави патека каде што ќе им одговара на тие луѓе. Ние првите патеки и првите знаци кон што треба да се движиме ни се тука. Тие во крајна линија треба да го имплементираа овој закон. За тоа и ние ќе го носиме.

Според тоа јас мислам дека со малку поголема храброст и само еден мал чекор овој закон може да ги задоволи потребите на сите заинтересирани во Република Македонија, првенствено тие што се за перспективна Република Македонија.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги.

Мојот став по ова прашање е јасен и дециден. Уште со самото поставување на прашањето за постоење на ваква точка, за донесување на ваков закон, што за жал од мнозинството пратеници беше побиено така да овој закон сепак се најде во собраниска процедура и од оваа говорница по него да се дискутира. Повторно ќе повторам мислам дека крајно се крши Уставот на РМ дезавулирајќи го членот 5 и надминувајќи ги овластувањата по член 4 8 од Уставот на РМ. Тоа е доволно, доволно право ни дава да одлучам негативно по овој законски проект што го нуди извршната власт во РМ. Нормално, не само ова Собрание, овој собраниски дом дава свое мислење, дава свои одлуки по оваа проблематика. Свеж пример ни е да по ова проблематика одлучи самиот Уставен суд за употребата на знамињата на националностите. Таа одлука е позната и е кажано да знаме на националност не може да се вее на јарбол во РМ. Со тоа флагрантно се нарушува суверенитетот и територијалниот интегритет на оваа држава.

Исто така и други субјекти зацртани со Уставот на РМ, уставни субјекти во член 79, член 85 и член 87 каде децидно се дадени нивните

овластувања би требало да се осврнат на оваа проблематика, а не да останат неми на ова значајно прашање кое и како ги тангира сите граѓани во РМ.

Исто така мое лично право е како пратеник, по член 62 став 3 да ги претставувам граѓаните од својата изборна единица, а нормално во Собранието да одлучувам по свое лично убедување. Благодарејќи на овој тајминг кој се даде за овие неколку дена како и направената позитивна атмосфера преку одредени новинарски коментари во јавни гласила нормално и во МРТ, граѓаните во мојата изборна единица нормално и пошироко гласно размислуваат и на одреден начин даваат свои видувања и убедувања како и на кој начин ние да гласаме. Морам да истакнам, барем од мојата изборна единица, од Битола за ова прашање сум задолжен да гласам негативно. На неколку состаноци кои ги одржав овие два три дена во мојата изборна единица добив и друго задолжение: Да побарам поединечно гласање во ова собраниско тело по овој законски проект. Се надевам Деловникот кога ќе ми го дозволи тоа ова мое барање адекватно го побарам од оваа говорница.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Јас се извинувам што по втор пат излегувам, но сосема кратко овој пат.

Прво сметам дека има правен основ за донесување на овој закон и дека Владата исправно постапила. Ме изненадува фактот што денеска низ оваа говорница продефилираат голем број говорници кои што негираат правен основ за донесување на овој закон. Уште поизненадувачки е што се повикуваат на член 5 од Уставот. Посебно е загрижувачки што во ова Собрание седат луѓе кои што работеа и на донесување на овој Устав. Само да ги потсетам дека тој има девет

поглавја. Првото поглавје е основните одредби и во рамките на тие одредби спаѓа и член 5. Тоа значи дека тие се важечки за сите граѓани на Република Македонија независно од полот, возраста, националната, верската припадност.

Второто поглавје на кое се повикува овој закон е поглавјето з заштита на слободите и правата на граѓаните. Токму тука е член 48. Заедно со член 5 премногу експлоатиран член, барем на оваа седница на Собранието. Продефилираа и тези дека со овој предлог на закон се поставува потпрашање сувереноста и територијалниот интегритет на Република Македонија...

**КЕНАН ХАСИПИ: (**продолжение)

Оттука произлегува дека цели три децении Македонија живеела под сомнение за својот суверенитет и територијален интегритет и дека тоа сме го толерирале па сега е нешто ново, овој пат ќе прекинеме со таа толеранција, што не држи. Само би ве потсетил на ставот 2 од членот 48 и би замолил барем од последните дискутанти да ми одговорат на едно поставено прашање, ставот 2 од овој член вели: "РМ им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите.

Јазичниот идентитет се изразува преку јазикот што и нормативно е санкциониран во нашето законодавство. Верскиот идентитет се изразува преку верата. Имаме закон за верските заедници. Културниот идентитет преку слободата за формирање културни институции.

Би ги запрашал претходните дискутанти, ако припадник на турската националност како да го изразам својот етнички идентитет? На кој начин? Нека излезе на оваа говорница и нека ми одговори.

Второ, да ми одговори на прашањето дали формулацијата на членот 5 од Уставот експлицитно забранува освен употреба на државни симболи и употреба на симболи на националностите? Ако забранува, тогаш законот нема правен основ.

Ако дозволува, се отвора второ прашање - како би изгледал тој симбол? Да ми објасни од оваа говорница Во  кој став од Уставот и со кој закон се тврди како треба да изгледа тој симбол? Така што од оваа говорница и пред македонската јавност да не манипулираме со тези што апсолутно не држат и немаат правен основ ниту во Уставот на РМ, актуелниот, ниту во нашето законодавство.

Према последниве толкувања испаѓа дека освен државното знаме, химната и грбот националностите не можат да го изразуваат својот јазичен идентитет преку симболи. Ако е така, молам дополнително објаснување од претходните дискутанти.

Благодарам на вниманието.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Стефановски Благој.

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Сакам да бидам краток и да го искажам моето видуваше бидејќи не присуствував на претходната седница, еден мој личен однос. Не сум човек кој зборува со јазикот на правото, ниту мислам дека тоа секогаш точно го определува она кон што човекот сака да се стреми.

Некогаш, знаете, низ зборот на слободата може да се под- разбира повеќе зборот на уметноста кон кој што се стремиме и сакаме ние, веројатно овие генерации и идните да дојдеме до некое нешто кое што со многу нешта ќе не згрижува а не разделува.

Ако е тоа така, тогаш меѓунационалните односи се тема за што ќе расправа Парламентот,тој што ни беше претходник, ние а се надевам уште многу идни собранија на долговечната РМ. И, никој не треба да се стреми, ниту овој Парламент, дека еднаш за секогаш ќе ги постави онака како што треба работите. Сигурно, ниту пак некои собранија со многу поширока традиција тешко можат да ги апплицираат точните размери на меѓунационалните односи.

Таа тема е вечна- И моето гостување, на театарот во Австралија наиде на комплименти кои му годеа на човека каков сум јас да кажат дека, можеби тоа е некаква фраза, некакво гостопримство, меѓутоа тие говореа дека ние треба да учиме од она што Македонија го прави на полето на меѓунационалните односи. Тоа, сигурно, беше нешто што на мене како човек, како уметник ме правеше многу горд, ме полнеше со некаква енергија и вечерта на некакви настапи на нашиот театар се изразуваше со некакво национално чувство што, се надевам, реагираше како еден уметнички чин.

XI/3

Во овој момент сакам да ви кажам дека ние, сигурно, во многу нешта ќе ги потенцираме, ќе ги посочиме, можеби додирнеме правите нешта што се однесуваат на таа тема - меѓунационални односи. Но не секогаш на прав начин ќе ги обликуваме во вид на закон. Многу е битно да се стремиме тоа да биде во интерес на луѓето, граѓаните кои живеат во РМ. Впрочем и соодветното решение во Словенија кажуваат дека е предмет на преиспитување. Но, тие го донеле. И тоа словенците не се баш на таа тема непатриотски одреден народ кон она што значи нивна традиција и сето она. Иако тие не го имаат тоа чувство на за- еднички соживот каков сме го имале ние по традиција, од генерација во генерација.

Оттаму , должноста на пратениците, луѓето кои сме изгласани од овој народ е да ја имаме релаксирачката улога, да го имаме она прав- но нешто што ќе вроди за некои идни генерации да ја немаат таа тензија што денеска ја чувствуваме, да не се мериме со "нај" и некои личности да не испливуваат од позадината, од ефемерноста на животот да доаѓаат како идни водачи на тие ентитети.

Таквите нешта денеска се случуваат во било кое поле. Се случуваат и на една банална тема, се случуваат секаде во светот. Од пропаста на некаква штедилница гледате кои држат таму говори и што кажуваат од тие говорници. И денеска е тоа. Кога продефилуваат разни чизми, беретки Исто е она што од баруштината е излезено на виделина: Нешто што во ова време мислиме дека е проодливо, нешто што има постојан консумент.

Тоа е она што ме прави несреќен и ме тера да размислувам дали сум јас личност која треба понатаму да се занимава со ова што овде го нарекуваме политика. Јас сум само за нешто што ќе го испитаме, ќе го направиме подобро, што ќе служи за идните генерации. И американското право не е доречено до крај, предмет е на преиспитување.

XI/4

И овде ако сме погрешиле, не значи дека е еднаш за секогаш поставено. Ќе дојдат и други Парламенти други собранија, други луѓе кои тоа ќе го проверат со животот. Не е сега тука да поставиме мостови, едната страна ќе гласа вака и онаа другата. Незнам, одраз на некакви желби, на мои ценети пријатели, да се навраќам на мојот дедо или прадедо како размислувал за тие теми. Ќе се обидам со некоја уметничка, не со наредба. Не дојдов јас тука дека некој ме повикал и дека одговарам некому, без разлика дали е лидер на моја партија или нешто повисоко што во овој момент можеби треба да претставува некаква одредба на некоја група што треба да се одлучи. Сакам да размислам со својата слободна глава и утре да застанам пред моите луѓе пред кои ќе се седнам и во најмал, тесен круг ќе треба да го образложам тоа што го мислам.

Мислам дека ние мораме да одиме на таа чувствителна тема. Некогаш и ќе погрешиме,. Меѓутоа во тие нешта што никаде во ниту нај-развиените земји не се напишани и обработени како што треба, треба да направиме еден добар пример за тоа што искрените генерации на ова нешто не обврзаа. Имаше искрени генерации кои претходеа на нас, се поздравуваа секој на својот јазик и тоа не ги правеше да бидат лоши граѓани на овој простор.

Среќни сме што сме. сега РМ и мораме да ги изнаоѓаме најдобрите решенија што ќе го градат тој пат. Никакви обременети работи на луѓе кои не сакаат добро на оваа земја.

За мене, а ќе го кажам и предлогот што мислам дека овој простор има специфика, специфика за Македонците, за Албанците, за Турците, Србите, Власите и сите тие. Можеби низ тоа изразување треба некаква апликација на тоа што сме го определиле на своето знаме. Дали тоа сонце може да биде некако вградено, но знам дека можеби денеска тоа

не може да се направи. Нема добра желба. Многу робуваме на нешта што велиме во името на народот и желба на некакви избирачи. Не сакаме да направиме исчекор во служба на некакви идни генерации, но за доброто на оваа земја, ако искрено мислиме на оваа земја. Сакам да ве погледнам и да прашам дали сите кои газат со тие чизми, со тие беретки и кои имаат конференција на печат со знаме што денеска не е знаме донесено од ова Собрание и се и сите во доброто на овој народ.

Ве молам, доста е тоа. Тоа се видени работи препознатливи во минатото и немојте со тоа да баратата. Ако можеме да направиме чекор, да го направиме. Ќе го поддржам овој закон со желбата, јас амандмански разговарав со Бранирод кој поднесе амандман, но веројатно нема желба да се аплицира тоа што значи нешто пред ова, за нашето знаме некаква рамка од жолта би било идеално решение. Меѓутоа, ќе дојдеме до некои идни генерации кои ќе можат тоа да го направат и тоа нема да штети на нивната голема македонштина, или големо албанци или сите тие ентитети што ги нарекуваме.

Можеби тоа е смешно. Меѓутоа факт е дека во слободата на изразувањето, уметничкото изразување тоа многу пати ќе се види. Низ татарските претстави тоа е видено. Низ оваа земја продефилираа многу знамиња. Незнам на кој начин се аплицираше на овие нешта што ни се случуваат како една темна страна на нашето минато. Сакам да го кажам ова и своето изјаснување зошто ќе бидам за, затоа што никако не можам да го негирам правото. Но, сигурно мислам дека би било добро ако искрено од свој агол ги гледаме нештата и едноставно да не се забарикадираме. Еве, оваа страна кажува дека така мора да биде, се наредило но не мора и од другата страна сите да бидат против. Од каде тоа така? Без разлика кој на која партија припаѓа- Значи, тоа е она што ние мораме да го изнаоѓаме, но не е тоа секогаш правото решение. Решенијата се постојано на преиспитување. Инаку, зошто би се бирале повторно други зошто би било така ако еднаш за секогаш бидат поставени.

Благодарам

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ;**

Листата на кандидати е исцрпена.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Убаво рече некој тука дека овој тајминг од четири дена добредојде. За каде како! Некаде за релаксирање на состојбите, некаде за отворање на картите до крај. Некој го искористи тоа да манифестира моќ, да манифестира немоќ на државата, дека веќе се знае каков закон ќе се донесе, дека ќе се лицитира и дека практично никој ништо на оние кои во Тетово манифестираа тоа што веќе мислевме дека е заборавено.

Ако некој денеска овде сака да ни продава магла , нека си ја носи во својот вилает. Таму каде се видени тие црни кошули, г-да црни панталони, црни беретки, каде што постоеше формација што овде се сака да се минимизира, некој сака историјата да ни ја фалсификува. Тоа нема да го дозволиме , г-да, затоа што ќе бидеме недоветни, затоа што ова е историска седница на која што точно ќе мора да се знае, точно да се запише кој како гласал. Точно ќе биде запишано. Убаво побара еден колега и се знаеше дека ќе мора да гласаме поединечно.

Нам ни се прикажува дека со овој двоглав орел Шар Планина и Караорман се ослободувале. Се жареле, се палеле, господа. Точно се знае што направила таа формација од 15 до 20 иљади балисти. Знаете ли која е таа формација од вкупното население? А знаете ли дека во западниот дел на Македонија владееше Големоалбанска окупација. Што ние сега тука прикажуваме? Сакаме тоа знаме некој да го прифати такво во таа форма и на тој начин? Немојте луѓе! Тоа знаме асоцира на нешто

лошо минато. Мора да разликуваме што е пресекот 1944 година со ослободувањето на Тетово и конкретно ослободување на Македонија и што е она што настанува после тоа кога имаме регуларна држава со регуларна војска и сите институции на системот.

Господо,

Не сакам никого да потценувам. Историјата е една единствена, Учеството на Албанците во Македонските бригади до овој термин може да се изброи на прстите на рацете. Среќа е што најголемиот дел останаа неутрални. Меѓутоа, не велиме ние дека со тоа знаме се ослободувани овие градови. Немојте луѓе! Имате Големоалбанска окупација на која што оваа вооружена формација, нормално била ударната тупаница. Таа го обезбедувала поредокот. Тие ги палеа Маврово, Никофорово, Леуново, Ново Село, Беличица итн. итн.

Дами и господо,

Не останал запаметен некој припадник на италијанскиот или германскиот окупатор да се познава по име и презиме. Меѓутоа, Џемо Хасо, Мефо или други останаа. Останаа како страв и трепет. Нивното ликвидирање значеше ослободување од таа опасност, од тој страв. Тоа се случува после 1945 година. Значи, формации жилави, цврсти. И ние сега сакаме сето тоа да го фалсификуваме, да прикажеме дека историјата била поинаква. Немојте.

Ние можеме да разговараме за симболи, за особености и ќе разговараме. Трпеливо, Меѓутоа нешто да се прикажува во обратна смисла и да се измести работата, да кажуваме нешто друго, па ние требаше во 1994 година да аплаудираме на таква работа. Немојте ве молам.

Јавноста ги следи овие п=седници со особено внимание, Добро е што чув дека е направено она што јас го направив, контакти со нашата избирачка база, со разни средини, во многу средини. Ќе ви кажам дека

телефоните во партиската канцеларија на ДПМ после саботното дефиле на црнокошулашите не престанаа да ѕвонат од загриженост и тоа особено повозрасни луѓе кои ја паметат таа окупација, тој терор и тоа што се случуваше.

Прифаќам да дискутираме за се и ќе дискутираме. Меѓутоа, сега да "'навраќаме бидејќи слушнавме дека "Света Софија" 450 години била нешто друго па сега треба уште 500 години да биде тоа. Немојте луѓе. Велиме дека тие работи се надминати. Зборуваме за современост. Зборуваме за модерно однесување, а ваму го враќаме филмот назад.

Овие денови се истакнуваат симболи што иритираат на објекти на кои што никогаш не биле. Нема потреба да спомнувам. Само ќе потсетам, еднаш го спомнав тоа , дали може такво однесување на политички субјект во некоја од соседните земји: Југославија. Албанија, Грција Бугарија? Ајде! Јас морам да ве потсетам. Курдите во Парламентот во Турција пет курди се обидоа да говорат на курдски јазик и добија 75 години затвор. Уште се на издржување казна, добив информација.

Ние овде прикажуваме нешто друго. Прикажуваме некоја наивност, дека не е тоа ништо страшно, ништо, ќе заколчиме ние таму знамиња, ќе одбележиме територија, па,, не е страшно. Утре и химна. Химната се интонира слободно па се изгонуваат државните симболи што ги изгласавме пред некој ден, пред само една недела. Веќе ги нема на тој терен, на тој простор. Застрашува тоа што тука слушаме дека џабе ќе го носиме ние законот, било каков еве и овој, да речеме од оваа страна што велиме, никој нема да го почитува тој закон. Никој нема да го применува. Смееме ли ние така да речеме? Извинете.

Јас велам дека нема да гласам за овој закон затоа што тоа е мое убедување, убедување на Демократската партија на Македонија.

На моите избирачи. Меѓутоа, никогаш нема да речам дека законот

нема да се спроведува и не треба да се спроведува. Можеби мене, како политички субјект не ми е близок, неприфатлив е, имам причина, аргументи, електоратот го бара тоа од мене. Не можеме овде како пратеници да повикуваме на бојкот а тој закон и донесете го вие. Тоа е меѓусебна навреда. Никогаш јас тоа не реков зошто некој ќе гласа инаку. Јас дури пофалувам што овој пат има различни мислења, различни ставови. Добро е што има многу амандмани. Ќе учествувате во расправата по амандманите.- Јас реков дека во таа расправа нема да учествува.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ;**

Има збор г-дин Кадриу.

(од место г-дин Сали Рамадани бара реплика)

Г-дин Кадриу има збор, потоа ќе добиете реплика.

На бевте спомнат, Вие побаравте дискусија, јас ве запишав, вие не сте Албанија.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Навистина денеска немав намера да излезам по втор пат за дискусија, меѓутоа, во принцип не очекував од одредени пратеници посебно на тие што се луѓе од културата, посебно што се тие луѓе од науката пред оваа говорница да викаат во таа форма и да се закануваат на тој начин што по мое мислење не е ниту нормално, нити треба да биде од тој аспект.

Последниот говорник не прв пат, туку често пати се повикува дека на тој реон се мисли само нешто зло и само нешто црно го опишува тој терен. Вистината не е таква. Јас навистина се чувствувам навреден кога ги спомнува некои историски факти, а јас сум син на еден борец што се борел не само за Македонија, туку и пошироко до Сремскиот фронт. Тој човек и ден денеска нема остварено такво право, пензиско право како и другите борци што го имаат. Не случајно најдов една книга, а таа книга е во која се работи за некои членови и документи на НОВ во Македонија каде децидно кажува луѓето во тој период од 1941-1945 година како сожителство имале и на кои односи стоеле. Јас се чудам кога денеска се прегазува на тие тогашни придобивки, туку и ги негира до крај.

Јас само еден цитат ќе извлечам за да го убедам и мојот колега пратеник дека тука не е целта само да се однесуваме со есеистичко едни на други и да се убедиме едни со други дека треба да им се дадат некои

права на некои националности или не треба да им се дадат, туку суштината е сосема од еден друг агол, секој сака по мое убедување да профитира за одредена партија и да се покаже голем Македонец од една страна што е во опозиционен дел, а од друга страна кобајаги ете другите толерираат некоја работа што не е со Устав предвидена и со Закон. Вистината е дека и со Уставот имаме право и со овој предложен закон што по мое мислење е исто така рестриктивен, треба да внимаваме.

Јас ќе ги замолам сите пратеници да не ме разберат лошо за цитатот што го одбрав за денеска, а тој цитат ќе го преведам. Се кажува во овој документ која е една книга објавена во Белград многу децидно е и право како беше регулирана работата и сожителството помеѓу Албанците и Македонците во тоа време и како тргнале за ослободување. Цитирам: (го чита цитатот на албански јазик). (реакција на дел од пратениците во салата).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Обраќајте се на македонски, не ве разбираме. Обраќајте се ве молам на македонски.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Ќе го преведам, јас реков дека ќе го преведам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, преведете го да ве разберат.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Ќе го преведам, а секој знае дека цитатот се чита на оригинал.

XII/3.-

"Браќа и сестри Македонци и Македонки, браќа и сестри Албанки и Албанци, да не допуштиме крвавиот фашистички окупатор да ги поттикнува нашите два братски народа, да не допуштиме да се разбие нашата заедничка борба и нашите две славни застави, застава на Скендер Бег и застава на Крушевската Република кои заедно жнееле толку многу победи".

Што сакав со ова да кажам, ништо не сакав повеќе од тоа што ние моментално нешто не ги негуваме поранешните наши искуства туку одиме подлабоко на нивно рестриктирање што во моментот нема ништо да придобијат.

Во врска со предложениот закон јас накратко ќе го кажам своето мислење без оглед дека во некои моменти нема да се согласите или во суштина Законот таков каков што е предложен мислам дека треба да претрпи измени.

Во врска со Предлог-законот за употреба на знамињата преку кои како што се наведе националностите во РМ го изразуваат својот идентитет и националните особености, на сите нас ни е познато дека потребата за донесување на предложениот закон произлегува од член 48 од Уставот на РМ, според кои припадниците на националните колективитети имаат право слободно да го изразуваат и развиваат и негуваат својот идентитет и своите национални особености, дека донесувањето на овој закон директно кореспондира со одредбите од рамковната конвенција за заштита на националните колективитети, на правата во однос на употребата на знамињата на националностите, а во конкретвиот случај намерата треба да се подразбира како обид за заемно почитување и респект на едните кон другите. Исто така и прашањето кое знаме ќе биде избрано уште една предност за која

националностите, националните колективитети сами се определуваат како и се одлучуваат за нивните симболи во тие реони на државата каде што живеат. Гласовите на одредени личности и одредени пратенички групи кои не сакаат да придонесат, туку сакаат да придобијат се некоректни и со ова прашање не се промовира ново право , туку се знае дека се регулира она што е присутно во практиката која во текот на овие десет години е назад поради низа комунистички ориентации со одредени решенија и одлуки, значи без да го има предвид реалниот живот и волјата на граѓаните на добри меѓунационални односи што се основа за натамошните активности.

Исто така беше предмет и празнина што досега ја имавме во овој поглед и што по мое убедување нанесе многу штета и придонесе за заладување на меѓунационалните односи.

Да завршам, за да се исполни овој вакум Предлогот на законот треба да претрпи измени кои нормално нема да остават дилеми и во поглед на потребата и во поглед на злоупотребата на знамето, односно и на другите симболи.

Тргнувајќи од суштината на овој предлог на закон, морам да истакнам дека овој модел на закон би требало да биде поинаков и да влезе во една друга процедура за донесување на закон за знамето, а не посебно како закон за употреба на знамињата на националностите. Што значи, дека ќе беше порегулирано, ако за оваа сфера тргнеме од ваквите пропозиции, тоа е факт дека наука која што се занимава со знамињата, односно симболите воопшто на народите е "хералдика" која како најважни и најсвесни работи ги цени симболите и знамињата, јазикот и културата.

XII/5.-

Без сомнение е дека за сите погоре спомнати работи тргнуваме од политиката, интелектуалната и моралната одговорност за мирот и стабилноста на РМ кој ќе има и пошироко значење во регионот. Тргнувајќи од цврстата определба за толеранција и соживот, базирајќи се на фактот и сознанијата дека сите треба да придонесат за една активна креативност со што ќе ги надминат сите политички и национални незадоволства, би го дал следниот предлог:

Морално актуелното знаме да биде на држава Македонија, значи знаме на сите граѓани. Македонскиот народ да има свое знаме со кое длабоко и национално ќе се идентификува, дека исто така Албанците слободно и официјално треба да го употребуваат своето национално знаме кон кое имаат длабок емотивен и национален однос. Значи ова право би го имале и другите релевантни националности во Македонија. Тоа би било едно поволно решение по мое мислење. А, откако со законот ќе се регулира и санкционира службената употреба на овие знамиња.

И на крај со овој предлог ќе се легитимираат и санкционираат националните особености и ќе се стекне право за искажување на националниот идентитет, ќе се постигнува една висока систематизација кон почитување на овие симболи, ќе се избегнува конфузијата на заедничката припадност на знамињата и превентивно ќе се овозможува сето тоа што се случува меѓу нас и во крајна линија ќе се усогласи и санкционира со меѓународните норми и договори и сета оваа празнина со едно разбирање ќе се нормира во предложениот закон.

Што се однесува до предложените членови морам да кажам дека се ова испадна во колизија едни со други, а тоа може да се докажува, додека членот 1 и 2 децидно го елаборираат значењето на употребата на знамињата преку кои ќе се изразува националниот идентитет и националните особености , членовите 3,4 и 5 го омаловажуваат и во крајна линија ја скратуваат употребата на знамето само во приватниот

живот. Значи децидно се наведува во колкава мера е дозволена употребата на знамето и каде односно, во кој случај може да се употребува ова , мислам една поделба и од страна на припадниците од Албанска националност. Нормално во тие места каде што нема 20% истите граѓани не ќе можат да го употребуваат или да го имаат ова право.

(во 17,40 часот со седницата продолжи да раководи г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на РМ).

Во членот 6 каде што се предвидени казнените одредби мислам дека се превисоки и треба да се намалат и на крајот на краиштата ќе немаме успех преку овие предвидени казни за да ги регулираме работите, туку преку други форми кои ќе ги регулира овој закон. Значи, не треба да тргнуваме кон тоа за да ги казниме луѓето за да бидат послушни, туку треба да донесеме закон кој ќе биде во интерес на тие граѓани.

За сето ова горе спомнато целта ми беше дека ако едно право се усвои , тоа право да се овозможи на сите подеднакво и да го користат како и во органите на единиците на локалната самоуправа, така и преку јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија кои ги основа единицата на локална самоуправа.

Со ова се надевам ќе се надополни рамковната конвенција за заштита на националните права и ќе се ратификува, која беше ратификувана во Собранието на РМ, сите знаеме на 27 февруари 1997 година.

На крај да додадам, ќе го додадам моето мислење и на мојот електорат што во никој случај не би се сложиле еден дел на граѓаните да го имаат едно право, а другите да го немаат. Затоа треба да бидеме

внимателни каков закон ќе донесеме ако сакаме едно право да овозможиме, тоа треба на сите граѓани, а не да ги одвоиме граѓаните што по мое мислење ќе придонесе не во позитивна смисла , туку во. негативна.

И, на крајот на краиштата ако се донесе тој закон за одредени граѓани треба за нив да служи, и тие да го користат, ако не,веројатно дека искуството покажува сега и досега покажува дека ќе имаме граѓанска непослушност. Јас во никој случај не сакам тоа да биде туку овој парламент треба внимателно во овој правец да го гледа и сериозно во овој поглед да одлучува. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Маличи.

(од место г-дин Сали Рамадани бара реплика)

А реплика, се извинувам.

(реакција на пратениците во салата).

Не, не,се извинувам , седнете г-дине Рамадани. Ако немате право на реплика...

(пратеникот Сали Рамадани, доаѓа на говорница).

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Шар Планина и Караорман, јас го реков, тоа сум јас сега, нема тука што. Вие не бевте тука. Немој ти така. Вака.

И порано сум кажал дека не ги преферирам репликите, зошто

Прво, не сакам со секого да разговарам, за мене е посебно со Томе"петарда" понижувачко.

XII/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам, немојте да навредувате.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Друго, јас сум малку и потежок 9 0 и нешто килограми, тежам цела една изборна единица, цело едно Кичево, колку има Албанци, па може и 90% цела Македонија. Значи да се знае за секој не реплицирам. Меѓутоа, јас реков дека на Караорман и Шар Планина Албанците се борат со националното знаме на Албанците и тоа беа партизаните, испуштив, ми беше усмено.

Второ, точно е и тоа додека ова знаме, знамето на Албанците го носеа в раце партизаните на Шар Планина и Караорман итн., точно е и тоа дека и во Кичево беа балистите, но со истото знаме. Да, во Кичево, во градот беше Мефаил Големи, Мефаил Зајази, јас сум негов внук, ако не знаете, а на планина беше Ремзи Руши Зајази партизан и тој ми е вујко. Прв братучед на мојата баба. Значи, така беше тоа. И соработувале, и пет пати се помирија. Тоа да се знае. Меѓутоа, како беше тоа беше, за време на војната, тоа е долга приказна.

А што направивме г-дин Томе за 50 години под своето водство, пак под робија Албанците, па и вие Македонците бевте. Југославија беше, тука Тито и Ранковиќ раководеа. Што правиме сега ние? Нешто ни се случува повторно во историјата. И од оваа страна морам повеќе пати се алудира и на мене, морам да ти кажам и ти гарантирам сто посто дека јас сум не само тотално туку повеќе од тебе за оваа Македонија. Зошто? Ти воопшто не си за Македонија. Ти си србофил. Цело Тетово тоа го знае. Зошто?

XII/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не, не тоа е точно, нека излезе на говорница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте личности да навредувате г-дине Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Кога бил директор во Средно земјоделско училиште во Тетово, тој учениците Албанци ги терал да купуваат обврзно "Политика" ги истерал Албанците од работа и отидоа во затвор. Ти не си храбар човек, ти си најплашлив човек во Парламентот и во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Рамадани, г-дине Рамадани ве молам...

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Кога одиш низ Тетово на Албанците очите им се затемнуваат. Ти направи тоа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани ве молам.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ти направи тоа да Арбен Демири биде градоначалник. Браво на сите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани, ве молам,

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ти работиш за нас, за мене, за Албанците. А не за Македонија.

XII/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Рамадани напуштете ја говорницата.

Ви помина времето за реплика, ве молам. Напуштете ја говорницата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ја напуштам откако завршив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Напушти ти.

Јас сум пратеник, ти немаш ни мандат претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имам Деловник за работа. Седнете си вие таму. Вие имате мандат да малтретирате цело Собрание, ве молам. Да си седнете на место таму.

Г-дин Маличи има збор.

**НАЗМИ МАЛИЧИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Влада,

**НАЗМИ МАЛИЌИ:** (Продолжение)

Почитуван потпретседателе и претставници на Владата, со овој предложен закон никога не може да се доведе во прашање угледот и достоинството на Република Македонија, туку се оди на еден позитивен чекор за взаемно почитување меѓу сите нас. Мислам дека на никого не му е потребно појаснување дека Македонија е земја, татковина на граѓаните што живеат во неа и секој меѓусебен компромис значи политичка зрелост и никогаш не доведување во прашање авторитетот на земјата и суверенитетот. Како што некои поединци изјавуваат во нивните настапи и на оваа говорница, па не беа ретки и во јавните средства за јавно информирање, па и во нивните политички средби, партиски средби. Ако нашите активности и јавни настапи ги насочиме кон тоа демократските процеси во Република Македонија нормално да се одвиваат, тогаш ќе создадеме услови како политички субјекти, како граѓани,одредени разлики и проблеми и барање многу полесно да ги решиме, се разбира, тоа е едно одговорно однесување. Такви однесувања ќе не доближат во една демократска политичка структура и подобра перспектива на земјата. Со ова сакам да кажам ако целосно се почитува националните, културните, верските и јазичните особености, влегуваме во едни демократски политички рамки на размислување и на решавање н сите проблеми на еден задоволителен начин.

Со предложениот закон се разбира, со едно разбирање за дополнување на член 5, со една посебна алинеја и за единиците на локалната самоуправа во кои припадниците на една националност се БО значителен број, односно населението, без сомнение се создава една реална основа за реални можности и се создава еден важен аргумент за унапредување на добри меѓунационални односи во земјата и симнување од дневен ред една важна проблематика. Со тоа се надевам дека ќе ги

стекнеме едно големо искуство дека современите демократски движења можат да функционираат со почитување на разликите, дали се тоа политички, културни, национални, верски и други разлики. Со тоа ќе избегнуваме и контроверзните изјави и проценки и некоја непотребна огорченост дали постои политичка и правна основаност за употреба за знамињата на националностите во оваа политизирана атмосфера, што предизвикуваше овој предлог на закон овие денови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, еве втор ден како дискутираме по овој предлог на закон за знамињата на националностите. Слушавме многу прикаски, деновиве пред години, истории филозофии и ако животот е пропорција, а политиката е компромис мислам дека овој компромис што го нуди Владата е на штета на македонските граѓани а посебно македонскиот народ.

Мене многу ми е жал што оваа улога треба да ја одигра господинот министер Спасов, му се погодило во негово време, ќе носи историска одговорност и ова ќе го судат и ќе го ценат стручњаците. Сигурно компромисот е направен од договарање, направена е делба. Завршени се консултациите со пратеничките групи меѓу ПДП и СДСМ и тоа е завршена работа. Ние како Либерално - демократска партија нема да гласаме, ќе бидеме против, баравме да се симне овој закон, затоа што ги помешавме тезите. Владата ни наметна една игра, го стави овој закон во време кога се раправаше за друга проблематика, го сврте вниманието на она што значи живот, а сега раправаме за политика. Ова како предлог доаѓа до тоа, да се јавува еден друг антагонизам кај ПДП, а да

одговори уште посилно. Се побудуваат националните страсти и мислам дека овој закон ќе направи големи штети и големи последици. Сигурно дека како пратеници, посебно јас од изборна единица нема право да гласам за овој закон, бидејќи не сум добил право, затоа што носи директна штета на македонскиот народ. Зошто? Бидејќи рековме дека ова знаме е знаме на Република Македонија, дека е ова државно знаме. Во целата дискусија провејуваше кое знаме на народностите односно националностите на народот. Кое знаме ќе биде она знаме на македонскиот народ. Како да одговориме? Ако ова е државно знаме и ние се залагаме за тоа да остане запишано дека сме против носење на ваков закон, затоа што овој закон ги легализира оние случаи што се случија во Гостивар и во Тетово, затоа што не може да се дозволи друго знаме истакнување во Македонија. Ова е Македонија и ова е државно знаме. Немам ништо против албанците, а бидејќи тоа се македонски албанци. Можам да им честитам за политиката што ја водат и овој договор што го направиле. Секоја чест, не сакам да ги вреѓам туку работат систематски, чекор по чекор и се многу успешни во политиката. Ние како македонци посебно другарите од СДС носат голема историска одговорност, затоа што ова е чекор за кратко. За долго, ќе видиме. Мора да се положи рачунот, бидејќи и Шар Планина е Македонија и Дебар е Македонија и Охрид е Македонија. И од оваа говорница никој да не прети дека може нешто да направи. Ниту може да плаши ни Сали Рамадани, се извинувам морам така да кажам, ни било кој, ова е Македонија и ќе се почитува Уставот како што е таков. Не гласам, затоа што овој закон е против македонскиот народ. Некој пратеник спомна овде вели зошто некои пратеници не загинаа во Босна. Знаете како реагираа нашите граѓани низ чаршијава, низ градов, низ Скопје. Кога се слушна дека наводно била подметната бомба, Подобро да експлодираше бомбата отколку да го носите овој закон. Благодарам и гласам против.

XIII/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за употреба на знамиња преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

54 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (20 пратеници гласаа против)

Дали некој се воздржува од гласање? (ниеден)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? 53 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (22 пратеници гласа против)

Дали има некој воздржан? (два пратеника се воздржуваат)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Стојан Андов, Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Николина Трајановска и Илија Каров, поднесоа амандман на член 2, став 2 по кој Владата не се произнела.

XIII/5.-

Пратениците Ризван Сулејмани, Абдулади Вејсели и Сејфедин Харуни, поднесоа амандман на член 5 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Слободан Најдовски, Николина Трајановска, Владимир Соколовски и Петар Талимџиоски поднесоа амандман на член 3 за бришење на зборовите "при празнување во приватниот живот" и на член 3 за бришење на зборовите "и на други приредби". По зборот "спортски" по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Хисен Рамадани поднесе амандман на член 4 за бришење на алинеите 2 и 3 за менување на член 5 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Сали Рамадани,Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими поднесоа амандмани на член 3, член 4, член 5, за бришење на член 6 и на член 7 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Наџи Пурде, Рами Туда, Сали Рамадани, Хисни Шаќири, Сами Ибраими и Зеќир Кадриу, поднесоа амандмани на член 4, алинеја 2, член 4 за менување на алинеја 3 и за менување на член 5 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кенан Хасипи, поднесе амандмани на член 3, член 4 и за менување на член 5 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мевљан Таири и Мерсел Биљали, поднесоа амандмани на член 4 за бришење на алинеја 2 и на алинеја 3 на член 5 за додавање два нови става 2 и 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоре Темелковски, поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се произнела.

XIII/6.-

Пратениците Бранирод Михајловски, Живко Јанкуловски и Славко Котевски, поднесоа амандман на член 2 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Газменд Ајдарага и Исмет Рамадани, поднесоа амандман за менување на насловот на Предлогот на законот по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наќе Стојановски, поднесе амандман за додавање нова глава IV и нов член 6-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Начевски, поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Газмен Ајдарага и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, став 2, поднесен од пратениците Стојан Андов, Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Николина Трајановска и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XIII/7.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Господин Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, јас сум убеден дека мојот напор да ве убедам да го промените својот став ќе биде залуден, меѓутоа заради стенографските белешки и заради пошироката јавност во Република Македонија би сакал да го образложам амандманот.

Амандманот го предлагаме на ставот 2 од член 2 на Законот во кој се вели "под знаме во смисла на став 1 на овој член се подразбира знаме што припадниците на националноста го избрале или го употребуваат како знаме на изразување на својот идентитет и националните особености". Амандманот на групата пратеници од Либерално-демократката партија, со кои се согласуваат сите пратеници од пратеничката група, меѓутоа заради неможност од физичко присуство во Скопје не с  потпишани гласи: "во член 2, во ставот 2 под зборовите "националните особености", се додава нова реченица која гласи: "како знаме за изразување на својот идентитет и националните особености за припадниците на националностите не може да се употребува знаме на друга држава". Во прилог на тоа би ги понудил следните аргументи како образложение.

Прво, сметаме дека доколку се усвои оваа одредба како што е предвидена во законот тоа ќе претставува преседан што го нема никаде без уставно правна и политичка подлога, ниту заснованост на меѓународните стандарди. Веќе во претходната расправа која што ја водевме ги истакнавме сите аргументи и јас сум длабоко убеден дека со вакво реш ние нема да постои ниту една држава во светот. Македонија ќе биде една и единствена.

XIII/8.-

Второ, затоа што со ова решение Владата потклекнува пред максималистичките противуставни и противзаконски барања, бидејќи нејзините преговарачки позиции се ужасно ниски, со што Република Македонија ја промовира во земја на експерименти.

Трето, затоа што со ова решение ќе се легализираат постојната противуставна и противзаконска состојба, што предизвикува иритирање и чувство на загрозеност кај голем број граѓани во Република Македонија.

Четврто, бидејќи ќе го негира државнит суверенитет и територијалниот интегритет, бидејќи знамињата се државен а не национален симбол и означуваат припадност на одредена држава. Заради тоа, со промена на политичките системи, како што е Македонија и останатите земји кои поминаа од социјализам во капитализам, се менуваат и државните симболи. Тезата дека албанското знаме е знаме на сите албанци без разлика каде живеат, за мене е потполно несватлива и неприфатлива бидејќи во тој случај тоа би бил еден исклучок што исто така го нема никаде во светот.

Петто, бидејќи е во спротивност со важечките меѓународни конвенции злоупотреба на знамињата на една држава на територијата на друга држава, што е регулирано со Виенската конвенција од 1961 година во кое точно се назначува во кои простории и при кои услови може да се употребува знаме на туѓа држава на територија на некоја дражва, а тука пред се се мисли во просториите на дипломатските и конзуларните претставништва и на автомобилите со кои се превезуваат шефот на мисијата и во неговата резиденција. Значи, исклучиво во тие три случаи е регулирано дека може да се употребува знаме на друга држава. За разлика од тоа Република Македонија ќе стане држава во која ќе има секојдневна употреба за знамиња на туѓи држави на територијата на нашата држава.

Шесто, затоа што Владата нема да може да го гарантира суверенитетот на територијата на целата држава.

Седмо, затоа што е тоа лош неполитички, туку политикантски компромис со далекосежни последици по виталните интереси на сите граѓани на Република Македонија, без оглед на националната припадност и на државата Република Македонија.

Осмо, затоа што Владата непринципиелно се меша во изгледот на знамето на единиците на локалната самоуправа со членот 7 од Законот за локалната самоуправа каде што точно наведува дека знамињата на единиците на локалната самоуправа и грбовите не треба да бидат исто со знамињата и грбовите на други држави, додека овде остава можност припадниците на националностите сами да го избираат изгледот на знамето и тоа да може да биде исто со знамето на други држави,. Затоа што овој предлог е во спротивност и со теоријата и со меѓународната пракса што ја регулира оваа област.

На крајот би сакал како еден додатен аргумент да го истакнат фактот после сето она што се случуваше на обединувачкиот конгрес на Демократската партија на Албанците во Тетово за двојниот морал во оваа збунувачка атмосфера кај дел од политички активните албанци во Република Македонија, кои наводно и декларативно се залагаат за правна држава и за цивилно и за граѓанско општество, а во пракса и во стварност се залагаат за нешто сосем друго, за паралелни институции во државата кои многу скапо ќе ја чинат нашата држава. Сето ова го кажав заради мојата чиста совест и заради мојот образ со кој сакам да излезам пред граѓаните кои ме бирале како и за образот на сите пратеници до парламентарната група на Либерално - демократската партија.

XIV/1.-СП/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, навистина по однос на ова прашање имавме прилично дискусија и ако добро погледаме што дискутиравме кога ја прекинавме седницата и денешната расправа, воглавно ќе видиме дека скоро сите дискусии, сите расправи се сведуваа по однос на овој член, односно на прашањето на употребата на знаме кое ќе го употребува една од националностите што би било идентично со знаме на друга држава.

Јас, навистина, можеби нема да успеам да зборувам така научно поткрепено како што тоа некои колеги дискутанти дискутираа и ќе се обидам од аспект на она онака како што чувствувам кога се наоѓам пред едно знаме и така да дискутирам.

Пред неполни десетина дена една фотографија го сврте целиот свет и при примопредавањето на Хонг Конг во надлежност на Кина видовме како претставникот на Велика Британија со какво чувство, со каков пиетет, со каков авторитет го спакува знамето на Велика Британија и како се однесуваше кор целиот тој ритуал и тој чин. Можеби тоа треба да ни послужи на сите нас како овде треба да се однесуваме кон симболите на една држава. Затоа мислам дека со донесувањето на законот онака како е предложен без прифаќањето на овој амандман кој го предложи пратеничката група на Либерално- демократската партија по мое убедување, реков ќе зборувам онака како што чувствувам, ние ќе го доведеме во прашање и Законот за употреба на знамето, грбот и химната на Република Македонија, кој го донесовме пред неколку дена и тоа наудирајќи и со  направо аплаудиравме на донесувањето на тој

закон, но сметам дека со усвојувањето на овој закон со член онаков каков што го има предлагачот, го доведуваме во прашање тој закон. Ова ќе го аргументирам со следното:

Во Законот за употреба на знамето, грбот и химната на Република Македонија, во член 14 и член 16 се регулира како се употребува знамето на Република Македонија, односно како се истакнува кога се истакнува заедно со знамиња на други држави. Сега си го поставувам прашањето ако застанеме на било која свеченост која ќе се одвива каде ќе биде истакнато знамето на Република Македонија со знамето на друга држава, како тогаш ќе се чувствуваме, ќе се свири химната на Република Македонија, ќе го прославуваме празникот, на пример 2-ри август Илинден на Република Македонија, а пред нас ќе имаме истакнато две знамиња на две држави, едното знаме на Република Македонија, едно или две или три знамиња на други држави со кои националностите го изразуваат својот идентитет. На кого вие ќе му објасните дека знамето на таа друга држава сега не е знаме на таа држава, туку е знаме на националноста која сака да го користи. Сметам дека тука директно го носите во спротивност Законот кој го донесовме пред неколку дека и овој закон кој денеска сакате да го усвоите.

Втор аргумент, доколку некоја од националностите го избере како свој симбол знамето ан друга држава и ако тоа знаме се по- често биде истакнувано во Република Македонија, сметам дека таа држава Република Македонија со закон ја ставила во привилегирана положба во однос на било која друга држава која дали не опкружува или се наоѓа на било кое друго место.

XIV/3.-

Затоа сметам дека предлагачот треба овде да објасни доколку една од националностите го избере знамето на друга држава како знаме на својата националност по кој закон ќе го третира истакнувањето на тоа знаме? Дали ќе го третира по членовите кои ги донесовме по Законот за употреба на знамето, грбот и химната на Република Македонија или по членовите на Законот за употреба на симболите на националностите. Затоа сметам дека овие наши дискусии, ова наше гласање ќе остане долго не само во сеќавање на граѓаните на Република Македонија, туку ќе остане запишано во историјата. Не треба да дозволиме да, како што овде некој се почесто спомнуваше тие во 1973 година што одлучуваа, тие во 1989 кои одлучуваа кои овде од оваа говорница беа наречени како антиалбански сили и никој на тоа не стави забелешка, затоа не треба да си дозволиме ниту ние нашите граѓани, нашите генерации, нашите поколенија да не спомнуваат како да сме направиле една лоша работа, сме донеле еден лош закон.

Од тие причини предлагам, претседателе ќе ми овозможите да не ми дофрлуваат од место, а дали ќе видиме, јас ќе ви кажам дека вие сте свесни (претседателот реагира и ги моли да не дофрлуваат од место) дека по донесувањето на овој закон ќе има немири и судири. Можеби вие тоа го сакате, ние укажуваме за да до тоа не дојде. Апелирам овој амандман да се прифати затоа што се друго би било непожелно и погрешно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре јас само ќе ја поставам апсурдноста на донесување на овој закон, а

посебно апсурдноста на истакнување на македонското знаме за време на посета на албанскиот претседател на Македонија најверојатно ќе ги посети краевите Дебар, Гостивар и Тетово. Јас го прашувам господинот министер какво решение ќе има во тој случај?

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Прво, Владата не го прифаќа овој амандман затоа што смета дека законот не е преседан, ние во досегашната расправа доволно пати наведовме каде и во колку држави постојат вакви одредби и сметам дека во тие држави е слободно истакнувањето на знамиња на етничките малцинства или заедници. Без никакво определување како тоа ќе биде и што ќе биде.

Втора работа е дека Владата потклекнала под некакви уцени не, јас велам дека е ова избор на Владата и не потклекнала под никакви уцени и пред никакви фактори во Република Македонија.

Трето, дека со ова знаме на овој начин ќе се негира државниот суверенитет, исто така, велам не, затоа што со добрите меѓуетнички односи мислам дека само ќе го зацврстиме државниот суверенитет и ќе ги напреднеме односите во Македонија.

Четврто, дека ова' е -спротивно на Виенската Конвенција, тоа не е точно, со Виенската Конвенција се уредуваат само начини на употреба на домашни и странски знамиња во специјални прилики што е уредено со нашиот Закон за употреба на државното знаме. Тоа се неколку работи, а со Законот за локална самоуправа не се ограничува односно се овозможува нешто што е сосема нормално.

На крајот, второто прашање што беше по кој закон ќе се истакнува државното знаме, државното знаме ќе се истакнува по Законот за

употребата на државното знаме видовме овие денови и истакнувањето на било какви знамиња всушност ќе биде користен Законот за државното знаме. Секое друго знаме што се истакнува покрај државното знаме ќе се истакнува во согласност со одредбите од Законот што ние го донесовме.

Кое беше последното прашање?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прашањето беше, ако сакате да одговорите, се разбира, кое знаме ќе се истакне доколку дојде претседателот на Албанија.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Законот за употреба на државното знаме го регулира точно начинот на кој се истакнуваат државните знамиња и знамињата на други држави при посета на странски државници.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас ќе се вратам пак на онаа вистина дека само четири земји во светот имаат донесено закон, закон каков што носиме ние денеска. Исто така ќе помолам или ќе повторам дека во Словенија е оспорен тој закон и веројатно ќе останат уште три или две земји светот. Дали господине министре. сметате дека во 186 земји во светот малцинствата се обесправени и не можат да си го изразат својот идентитет и националност. Дали сметате дека милиони луѓе кои живеат како националности во другите 182 земји со тоа не можат да си го изразат своето чувство. Јас мислам дека тоа е преседан и мислам дека изразување на националните чувства, изразувањето на припадноста кон некоја држава на сосема друг начин се изразува. Јас еднаш реков тоа, никогаш не се повторувам, меѓутоа, ова е за мене многу важен момент

што ќе го кажам. Во Америка живеат огромен број на националности. Сите тие се горди кога ќе го забодат и ќе го стават знамето на Америка во својот двор. Никој не мафта со некои национални знамиња, можеби за некоја прилика кога е празник еднаш во годината, како што беше речено, меѓутоа тоа не е уредено (реакција од место) господине екс министре со закон, тоа е чиста слободна волја на некој граѓанин. Не со закон како ние. И ако го прекардаши тоа, тогаш тие граѓани се под санкција на државата и полицијата интервенира, а знаете како, во Германија ги запленува знамињата, ги пали и ги осудува тие кои тоа го злоупотребуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Морам да признам дека сум разочаран од сликањето на работите во црно-бела техника од страна на министерот за правда. Во една претходна прилика веќе изјавив дека високите државни функционери се должни од оваа говорница да ја зборуваат вистината. Доколку не сакаат да ја зборуваат, тогаш подобро да молчат затоа што ако веќе излезат тука должни се да зборуваат со факти и аргументи да ја зборуваат единствено вистината, а не да ја одведуваат јавноста во погрешен правец.

Тоа што го зборував во мојата дискусија пред неколку дена го засновував на податоци пред се добиени од литература и податоци добиени од страна на државни институции како што се нашите дипломатски и конзуларни претставништва во Советот на Европа и во нашите амбасади таму каде ги имаме. Значи, зборував со податоци кои се достапни од страна на луѓе кои се во државната администрација на некој начин.

XIV/7.-

За волја на вистината, пред се заради јавноста, а не заради министерот за правда ќе ги повторам некои од тие аргументи за да докажам дека министерот за правда не ја зборуваше вистината од оваа говорница.

Прво, навистина постојат неколку држави во кои на некој начин се употребуваат знамиња на малцинства, меѓутоа вистината е дека во ни една од тие држави каде што се употребува таканаречено знаме на национално малцинство тоа знаме не е и сто со знаме на друга држава. Ако мислите дека не е точно, излезете овде и кажете, јас ќе ви кажам со аргументи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место да дофрлувате. Секој ќе добие збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Според податоците до кои дојдовме во Украина во Законот за национални малцинства од 1992 година и во Декларацијата за правата на националностите се зборува само општо, а не и конкретно за правата на националните малцинства.

Во Романија не е со закон дозволена употреба на национални знамиња да се толерира употребата на унгарското знаме од страна на унгарското малцинство во Романија, но без апликација на истото на унгарскиот грб што значи дека се разликува од унгарското знаме затоа што на унгарското знаме има и грб, а на знамето на унгарското малцинство во Романија тој грб го нема. Во ни една друга држава дури ни во Словенија воопшто не постои ваков идентичен случај. Ако имате контра аргументи, повелете.

XIV/8.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Бидејќи се бараат контра аргументи, јас ќе си дозволам заради знаењето на господинот кој мисли дека Министерството за правда не ги црпи, исто така, своите сознанија врз основа на закони, устави и компаративното право, да го прочитам само членот 9, можеби тоа ќе биде доволно од Уставниот закон на Република Хрватска во кој изрично се вели, ислушајте го тоа за да не кажете дека нема земја во која што тоа пишува: "Слободно е поседувањето и употребата на знамиња и симболи на етничките и национални заедници и малцинства. При службената употреба, (слушајте добро) на знамињата и симболите на етничките и националните заедници или малцинства обврзано со нив се истакнува и соодветните знамиња и Симболи на Република Хрватска. Ако се изведува химната или да не зборувам понатаму за химната, дополнително пишува со статутот на единиците на локалната самоуправа може да се пропише начинот за користење на националното знаме и симболите на етничката и националната заедница или малцинство. Тоа е Уставен закон на Република Хрватска донесен 1992 година, кој ниту со еден член ниту амандман никогаш не бил укинат.

Втора работа, ист таков член постои во Уставниот закон на Словенија за кој вие рековте  дека се води уставен спор, меѓутоа, во кој исто така е запишано дека автохтоното национално италијанско малцинство и автохтоното унгарско малцинство имаат право да ги истакнуваат националните знамиња заедно со националното знаме на Република Словенија во општините каде се мнозинство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Коцевски реплика.

XIV/9.-

Не знам во што е проблемот или не се разбираме, или не сакаме да се разбереме. Вие не ме разбравте, моето укажување беше дека во знамиљата кои се употребуваат како знамиња на национални малцинства не е дозволено да бидат исти со знамиња на други држави. Дали сте виделе вие српско знаме да се вее некаде во Хрватска? Исто така ќе ви го прочитам следното што и вие го имате како податок од Извештајот на Секретаријатот на Советот на Европа во врска со ситуацијата во Хрватска. Таму се вели следното: "За симболи и амблеми на национални малцинства се зборува во Уставниот закон за човекови права и слобода и права на национални етнички заедници или малцинства во Република Хрватска од мај 1992 година", но во Секретаријатот на Советот на Европа на него се гледа како на неуспешно решение. Не знам зошто тоа го прикривате?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот..

Отворам претрес по амандманот на член 2, став 2, поднесен од пратениците Бранирод Михајловски, Живко Јанкуловски и Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Владата не го прифаќа тој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Стефановски.

Сакам повторно да кажам дека к=ќе гласам за како и претходниот амандман. Она кон што треба да се стремиме, спецификата на сите малцинства треба да се вгради нешто која што е боја на оваа земја. И тоа е иднината, меѓутоа, мислам дека овие работи треба да се надживеат како сипаниците меѓутоа едни генерации тоа ќе го променат. Сигурно како петокраката што била вградена во знамињата на сите тие ентитети и каде што се бореа заеднички борби истото тоа ќе дојде во еден период. Сега за жал сме во некој ровови и тоа е минус за овие генерации.

**БРАНИРОД МИХАЛОСКИ:**

Причините поради кој го предлагаме овој амандман се наведени во една едицирана форма во образложението, ако член 2 став 2 од предложениот закон значи изразување знамето на националноста, значи изразување на националниот идентитет и национална особеност, со овој амандман сакаме на некој начин да го потврдиме низ дискусиите изнесеното укажување дека тие знамиња не значат загрозување на суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ. Меѓутоа, тука се покрена една печатна грешка, јас не знам колку тоа ќе влијае на ставот на Владата, имено во амандманот треба да стои, ќе содржат во себе и апликации од знамето на РМ, наместо на знамето на Република Македонија. Тоа останува комплетно да се регулира со самото знаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот.

XV/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на зборовите: "при празнување во приватниот живот" поднесен од пратениците: Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Слободан Најдовски, Николина Трајановска, Владимир Соколовски и Петар Телинциоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Суштината на овој амандман е дека со овој закон не би требало да се регулира употребувањето на знамињата на малцинствата при празнување во приватниот живот. Поради тоа предлагаме зборовите: "при празнување во приватниот живот" да се бришат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уше некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и 'амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот.

Отворам претрес по амандинот на член 3 поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Вадата да се произнесе.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

XV/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на зборовите: "и други приредби" по зборот"спортски',' поднесен од пратениците: Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Слободан Најдовски, Николина Трајановска, Владимир Соколовски, Петар Талинџиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. (го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратениците: Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој Амандман не го прифаќа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овде е речено многу кратко во образложението. Тоа што е санкционирано во членот 3 поврзано со членот 2 од овој законски предлог дека припадниците на националностите, заради изразување на својот идентитет и национални особености имаат право да го употребуваат во приватниот живот и при одржување на културни, спортски и други приредби, е скандалозна спротивност, не само со меѓународните правни норми и конвенции што ги потпишала Владата на владеачката партија на СДСМ, а ги ратификуваше Собранието на РМ туку и со адекватните одредби на целиот Устав на РМ.

Што се однесува до националната рамноправност на сите национални колективитети во РМ, не само што е деградирање и во однос на досегашниот закон за употреба на знамињата во 1993 година, туку и

на екстремен обид за потценување и понижување на цела една толку бројна, дефакто околу милионска националност, односно народ, односно околу 10-милионска нација на Балканот, односно 20-милионска нација на целиот свет. Од друга страна, лошото креирање на овој член, претставници од Владата не само што е лаичко, туку и контрадикторно и апсурдно, наводно дека знамето на националностите може да се истакне само на деновите на празниците на РМ утврдени со Закон. Посебно за националното знаме на албанците, не само што нема никаква смисла и никаков значај, ако не се истакне во прв ред токму како што се вели и именува на албански (зборува албански) и во превод на македонски 28. ноември денот на националното знаме на Албанците. Туку овој предложен законски проект албанците нема да го применуваат никогаш во животот. Тоа да ви е јасно. Имено, сето тоа што е речено во краткото образложение дека РМ освен тоа што има обврска према меѓународните правни норми и конвенции кои Владата ги потпишала и ние тука ги донесовме значи овој законодавен дом има обврска стриктно да ги применува и своите законски одредби како што е член 48 став 1, за потполна еднаквост и рамноправност на најбројните национални колективитети на РМ како што се Албанците и Македонците од една страна, и адекватно трансформирање и адаптирање на досегашниот закон за употреба на знамињата што е речено од 1993 година. Што значи треба да се употребува националното знаме на албанците при празнуваше во приватниот живот и при одржување на културни, спортски и други приредби. Тоа не значи ништо, ама баш ништо. Кој е тој што може да му забрани на цел еден народ да го употребува националното знаме во приватниот живот. Тоа е смешно другари. Тоа и без закон се употребувало и досега се употребувало и ќе се употребува, па затоа нема никаква потреба да се санкционира со било каков закон. Затоа по мое не мора да се донесува. Тоа е апсурдно, тоа е чудно, тоа е ке видите

и последиците трагедио - комедија. Затоа се предлага овој амандман и треба секако да се прифати од овој законодавен дом. Тоа е подобро за вас, верувате или не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман Владата не го прифати.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Целта на амандманот не е да ја прошири употребата на знамињата на националностите, туку само да го допрецизира текстот, дотолку повеќе што во изминатите 6-7 години во предизборните кампањи и на манифестациите на политичките партии. биле употребувани овие знамиња, не било правно регулирано, па дури биле употребувани во некој ситуации и без државното знаме.

Со оглед дека државното знаме на РМ согласно Законот за грбот, знамето и химната е прецизирано дека може д асе употреби и пред политички манифестации, со оваа одредба дефакто ништо не се нарушува, туку само се санкционира правната ситуација која веројатно ќе се случува и во иднина.

XV/6.-

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Зоре Темелковски:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Немам зборови да го сфатам министерот дека прифаќа амандман на член 3 каде што вели го употребуваат само за празнување и при одржување на други спортски и сруги приредби што ги организираат припадниците на националностите во РМ. Ако знаеме дека тука сите ние спортски сојузи сме членови на едно семејство во Европа и во Светот, членови сме на Олимписките одредби секаде и ако може да организира некоја националнана група да покани А државни репрезентации да има право да го истакне националното знаме, а во гости да дојдат Германија Шпанија итн. не гледам логика во спортот да влегува политиката и партизацијата на поедини партии. Јас "4пелирам до сите пратеници спортот да го тргнеме на страна на политиката и до партиските интереси, да на спортските натпревари и други манифестации не може да се истакнува знамето на малцинствата освен националното знаме кое е уредено. Замислете сега која би била аномалија еден албанцец или србин да учествуваат во државниот и не сака да

да учествува под знамето на Македонија, бидејќи има други чувства. Тоа мислам дека е аномалија и нонсенс, да се прифати претходниот амандман, а да се одбие амандманот на спортските натпревари. Јас имав долги разговори со спортски работници, без разлика на националната припадност, без разлика на верската припадност, па и обоеноста на сите спортисти. Ќе изнесам само неколку аргументи. Во Англија на пример играат шкоти, ирци и што би било ако сите имаат свои знамиња. Или што се случи последниот настан на еден тренер кога играа во Холандија против Ајакс, кој кажа дека се чувствувал како во Африка. Замислете таа фудбалска организација тој што даде само изјава во весниците го суспендираа две години. Ние сега како спортски сојуз да дозволиме тука да можат националностите. Затоа апелирам до министерот и до сите пратеници, бидејќи имаме разбирање, не го поднесов овој амандман со некои набои или чувства, но со консултација и со другите партии, кои што учествуваат во спортот и сметам на спортските приредби да не се истакнува националното знаме. Дајте да се ослободите од тој политички притисок и навистина еднаш разумно размислуваме, бидејќи тие проблеми ако ние нема да ги имаме, ги имаат нашите генерации. Јас со ова ве убедувам од своето секојдневие. Замислете сега во една соблекувална на "Шкендија"или"Караорман" каде што имаме пола македонци, пола албанци да стои албанското знаме во соблекувалната. Како ќе се чувствуваат едните или другите. Или во "Вардар" да стои македонското знаме. Затоа апелирам на сите овој пат разумно да го погледаме уште еднаш амандманот и во спортот тоа да се повлече. Тоа е определено и со тие олимписки нормативи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

XV/8.-

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, во ова Собрание гласам за она што сум убеден. Инаку член 3 вели "припадниците на националностите имаат право да го употребуваат знамето при празнување во приватниот живот и при организирање на културни, спортски и други натпревари". Амандманот вели да се изземе "спортски" н јас ќе гласам за овој амандман и барам од министерот појаснување дали при спортските натпревари амандманот вели да се истакне знамето на звванично место на јарбол на стадионот, или пак ќе го употребуваат навивачите при навивање за својот тим. Инаку со образложението на поднесувачот на амандманот потполно се согласувам, затоа што каква ќе биде таа спортска екипа која ќе биде етнички чиста. Ниеден спортски клуб на тлото на Македонија како што се "Шкендија" од Арачиново и "Шкендија" од Тетово и останатите клубови од Гостивар, Тетово и Скопје ниеден спортски тим нема етнички чист. Во него учествуваат и македонци, албанци, турци и други националности кои живеат на тлото на Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?'(17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за бришење на алинеите 2 и 3 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

(Го повлекува амандманот господинот Рамадани).

XV/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 за бришење на алинеја 2 и на алинеја 3, поднесен од пратениците Мевљан Тахири и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

(Предлагачите го повлекуваат амандманот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Имено и националното знаме на албанците треба да се истакне пред објектите на: Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија* Владата на Република Македонија, органите на управата, судовите, Јавното обвинителство на Република Македонија, Уставниот суд и тоа посебно едно убаво големо знаме на Република Македонија и Народната банка на Република Македонија, па и пред ТАТ ако се оживува. Органите на единиците на локалната самоуправа, јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија, кои ги основа Републиката која е наша заедничка Република, односно единицата на локалната самоуправа и другите објекти, претпријатија, друштва и организации. Да додадам само со употреба и истакнувањето на

националното знаме на албанците, сме сите еднакви и рамноправни, додека како што се предлага по овој законски проект е чиста дискриминација, другар господине министер за правда, да не кажувам, односно со Вас ќе бидеме можеби подобри пријатели, веќе не може да се толерира никако од страна на албанците. Тоа веќе вие и го знаете, и ќе го дозна- ете ако треба уште подобро.

XVI/1.-НН/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Џеладин Мурати).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Отворам претрес по амандманот на член 4 алинеја 2 поднесен пратениците Наџи Пурде, Рами Туда, Сали Рамадани , Хисни Шакири, Ибрами и Зекир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам кој друг бара збор?

Има збор г-дин Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, со предложената измена во членот 4 алинеја 2 се обезбедува пообјективно решение во врска со употребата на знамињата преку кои сите граѓани на РМ ќе имаат по целосна можност да го изразуваат својот идентитет и националните особености. Предложениот амандман во овој закон има за цел усогласување на членот 4 со членот 5 , бидејќи јас сметам дека алинеја 2 во членот 4 е во контрадикција или во коализија со членот 5. Токму заради тоа треба да се прифати овој амандман така што ќе се прецизира дел од законската регулатива за употребата на знамињата во единиците на локалната самоуправа.

Никој во парламентов не треба да чувствува несигурност од нашите поднесени амандмани кои со ништо не го загрозуваат просторот на националните интереси на македонците. Отворената дилема во врска со употребата на нашето знаме резултира и со предложениот закон кој не претставува правно и целосно решение бидејќи не обезбедува рамноправност и еднаквост за сите граѓани. Произнесувањето на некои пратеници во парламентот против нашето национално знаме е и неприфаќање на наши те амандмани ги карактеризирам како невиден екстремизам кој може да биде присутен само во државите сототалитарен систем. Сите поборници на идејата дека Македонија ќе биде загрозена

од албанците е политика против македонските интереси. Политика која се проновира деновиве од разно разни средини и поедини пратеници кои само ја влошуваат политичката состојба. Истите борејќи се против албанските национални права створаат неповолна политичка клима која повторно ќе резултира на зголемување на националната омраза и нетрпеливост.

Предложениот амандман од член 4 со кој се бара да се брише во алинеја 2 "органите на единицата на локалната самоуправа" во суштина не го изменува концептот на овој закон и како таков треба да се прифати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 алинеја 2 поднесен од пратениците Наџи Пурде, Рами Туда, Сали Рамадани, Хисни Шакири, Сами Ибраими и Зекир Кадриу.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на алинеја 3 поднесен од пратениците Наџи Пурде, Рами Туда, Сали Рамадани Хисни' Шакири и "Зекир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Исто така и овој предложен амандман има за цел да ги отстрани правните недоразбирања во членот 4 алинеја 3 . Бидејќи во членот 5 е прецизирано токму како што е употребата на националното знаме, меѓутоа мислам дека не би било потребно и овој член да гласи вака како што е .

Во членот 4 алинеја 3 се менува и гласи: "Јавните служби јавните установи и јавните претпријатија кои ги оснива Републиката", а сето друго треба да се брише. нема ништо тука што не може да биде прифатено.

Исто така и овој амандман концептот на законот во суштина не го менува. Не знам зошто да не се прифати.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Тито Петковски).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

XVI/5 -

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Се разбира овој амандман се предлага само на оние кои што мислат дека оваа материја треба да се реши со закон и дека има уставна основа за ваков закон. Овде има две проширувања, условно речено на законот, јас стално инсистирам на тоа дека било традиција во Македонија а тоа е дека не само таму каде што се мнозинство, туку како што вели Уставот и значителен број" да се додаде зборот и да се каже и за претпријатија односно установите, претпријатијата итн, органите што ги основа локалната самоуправа и другите органи на ниво на локалната самоуправа". Намерата ми беше да се задржи стандардот што сме го имале, па и го имаме сега. Тоа на некој начин да се озакони. Мислам дека тоа е едно ниво кое делувало мошне релаксирано во целата Република, а за противниците ништо ниту додаваме ниту оспорува, бидејќи тие основат начелото го оспоруваат дека не постои уставен основ дека е спротивно на сите меѓународни норми што јас не мислам така, меѓутоа ништо за спротивната страна додавка на овие два квалитета не значи некое менување на суштината на самиот закон. Суштината останува каква што си е, а ова само е прифаќање на она што е наша досегашна пракса и традиција а верувам дека би било голем допринос за едно поголемо разбирање. Тоа ми беше намерата за предлагање на овој амандман и верувам дека во практиката со оваа формулација која сега стои во законот", навистина треба да се претпостави дека низа прашања не се дообјаснети и ќе остане многу празнина за да се создаваат доста проблеми околу тоа. Затоа мислев дека ќе беше добро Владата да имаше време и сили по ова нешто да расправаше по опстојно за да се определи, но јас останувам при тоа

XVI/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5 поднесен од пратениците Наџи Пурде, Рами Туда, Сали Рамадани, Хисни Шакири, Сами Ибраими и Зекир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. овој амандман по мислење на Пратеничката група има законска основа, уставен основ, а исто така има и о&нов од конвенцијата за унапредување на меѓуетничките односи во духот толеранцијата, дијалогот и взаемното почитување и доверба, каде покрај другото се вели. Почитување на различноста меѓусебното разбирање и почитување, еднаквоста на граѓаните , отсуство на дискриминацијата, борба против предрасудите, градење на хармонични и меѓуетнички односи, унапредување на меѓуетничките односи..." Понатаму, оценувајќи дека едно плуралистичко вистинско демократско општество мора не само да го почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националното малцинство туку и да создава услови за изразување и сочувување и развој на тој идентитет.

XVI/6.-

Друго оценувајќи дека создавањето на атмосфера, на толеранција, дијалог е неопходно со цел културната разновидност да биде извор и фактор не на поделба туку на збогатување и со тоа воздржување од секаква политика или практика да нема асимилација на националностите. Последното е наведено во рамковната конвенција за заштита на националните малцинства.

Ако се сеќавате тогаш кога беше во прашање оваа декларација за унапредување на меѓуетничките односи ние бевме против не затоа што формулациите не беа вака добро формулирани туку бевме против затоа што знаевме дека тие ќе бидат само напишани фрази, а кога ќе дојде случајот за да се донесе некој закон, како што е случајот денеска сите тие барања и сите тие амандмани се отфрлаат како неосновани.

По наше мислење нема никаква правна основа одбивањето од страна на министерот за правда, поради тоа што, јас ќе наведам само некои примери од каде ќе се види апсурдноста на овој член. Доаѓаме до ситуација да една општина до друга општина кои се одвоени само неколку километри, па дури во една општина живеат многу поголем број на една националност, таа националност да не може да го ужива тоа право, употребата на знамето, а додека општината која што брои многу по- мал број на граѓани да има право да го употребува знамето. Како што е случајот на пример,ова по наше мислење е голем апсурд. Липково и Куманово. Ако не грешам по становници се по околу 25 илјади становници и едни имаат право да го користат, албанците во Липково, а албанците во Куманово го немаат тоа право.

Или друг случај, Велешта што е одвоено од Струга само неколку километри. Велешта брои околу 6 илјади становници албанци, за Струга немам точен податок, но веројатно бројот е многу поголем. Во Велешта

го им а тоа право во Струга го нема. Или пак во Кичево, Осломеј кои се скоро поврзани. Во Осломеј ќе го уживаат тоа право, а во Кичево нема да го уживаат тоа право. Не ли е тоа апсурд.

Значи, ние бараме по однос на овој амандман , во член 5 после зборот "мнозинство" се додаваат зборовите " или во релативен и помал број" после зборот "Македонија" да се додадат зборовите " и националните празници на националностите, посебно 28 ноември -ден на националното знаме на албанците", наместо зборовите "може да се истак- не", кои се бришат и се додаваат зборовите "и другите јавни места се истакнува".

Инаку кога велам дека овде нема правна логика го имам во предвид и фактот што го реков, а што се однесува до некои колеги кои наведуваат дека во многу држави не е дозволено да се употребува знамето на националноста јас ќе кажам само еден случај. Во Украина, посебно во едно село, кое се вика Каракурд, каде има само неколку илјади албанци што живеат, таму живеат и во некои други села албанци имаат неограничени права во однос на употребата на знамето на албанците.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Г-дине претседателе, господа министри, драги пратеници. Петтиот член на поднесениот Предлог закон по нашето мнение треба да се менува и да гласи "Во единиците на локалната самоуправа во кои припадниците на националностите се во мнозинство, или во значителен број, над 20% од вкупното население на општината во деновите на државните празници, општински празници и националните празници

покрај државното знаме, знамето на член 2 од овој закон може да се истакнува пред и во објектите“. Тука е една работа која може да биде прифатена затоа што во склопот на овој член и е првата алинеја “органите на единицата на локалната самоуправа“.

**НАЏИ ПУРДЕ:** (продолжение)

Значи, кога може да се истакне пред органите на локалната сам управа, тогаш логично е дека локалната самоуправа има свои служби, јавни служби, јавни установи, јавни претпријатија што ги основа општината. По овој член не се бара бог знае што, туку се бара во склоп на органите на единицата на локалната самоуправа и органите што ги создава таа општина. Претпријатијата што ги создава, ги основа таа општина, друштвата и организациите итн.

Сметам дека ако се прифати овој член со вакви измени, ќе биде еден голем придонес за приближување на националностите и ако некои наши пратеници имаат спротивно мислење, тоа е нивна работа. Јас сметам дека тоа ќе придонесе за зближување што е неопходно во овие моменти и ќе придонесе за понатамошно зацврстување на заедничката РМ. Република која бара да биде цврста и рамноправна со другите држави.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за, нека крене рака? ( 8  пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот за менување на член 5 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Горѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

XVII/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Кенан Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

По се изгледа дека Владата одлучила ништо да не прифати од амандманите. Меѓутоа, овој пат сум должен заради јавноста да дадам одредени образложенија.

Амандманот навидум лични на претходните, меѓутоа содржи уште една формулација. Тоа е "по традиција". Формулацијата не е сопствен изум туку е пренесена од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Имаше право некој од пратениците кој рече дека амандманот не се однесува конкретно за знамето. Таа одредба од Рамковната конвенција се однесува за службената употребата на јазикот на националностите и членот 5 што зборува за етничкиот идентитет.

Амандманот го поднесов од причина што во образложението по повод овој закон Владата се повикува токму на таа Рамковна конвенција, на правата на националните малцинства и , дефакто, признава дека знамето претставува еден од симболите за изразување на националниот идентитет.

Ако е тоа така, а на тоа се повикува Владата, сосема е логично да се примени аналогија во употребата на јазикот и при употребата на овој симбол. Ова, до толку повеќе што со квантификацијата значителен број и во мнозинство одреден број на единици на локалната самоуправа што традиционално речиси три децении наназад го употребува знамето на националноста при празнување на празниците на РМ, дефакто го губат тоа право. Значи, припадниците на една иста националност во различни средини се поставуваат во различна положба.

Амандманот има за цел да санкционира тој дел, едно практицирано право на тие простори да ревитализира. Не е ништо ново, видено е на тие простори, а се разбира знаеме во кои место и кои општини традиционално биле во употреба  националностите.

Уште нешто, ова е од исклучително значење за турската националност, до толку повеќе со квантификација во Законот за локална самоуправа од службена употреба дефакто е исфрлен турскиот јазик. Веројатно со изгласување на овој закон тоа ќе се случи и со употребата на знамето на таа националност.

Во име на тој етност и во име на моите избирачи јас не сум во состојба да се согласам со ваква работа, најмалку и јас да придонесам во таа работа. Токму од тие причини барам разбирање од вас пратеници.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за, нека крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратениците Ризван Сулејмани, Абдулади Вејсели и Сејфедин Харуни.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ѓорги Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

XVII/4

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор бара г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тоа што е санкционирано по актуелниот Устав на РМ член 7 став 3 на што се однесува овој амандман , не на 2 , одредбите од законот за локалната самоуправа, донесен тука, во овој Парламент членот 88 став 2, членот 89 став 1 и 2, и член 70 став 2 и 3 во врска со службената употреба на јазикот и писмото на националностите во единиците на локалната самоуправа во кои живеат како значителен односно и во помал број. Ако може да се споредува, т.е. аналогно треба да се санкционира и употребата и истакнувањето на националното знаме на албанците што повеќе треба и да се проширува. Значи, не само каде што се во значителен број. Ако не во цела Македонија, тоа и не мора, но и може, тогаш најмалку насекаде каде живее било кој еден албанец. Тој ќе биде нерамноправен, нееднаков со другите албанци кои живеат во другите општини, каде се во мнозинство или во значителен број. Тоа е полесно и за спроведување. Не бара трошоци и кадар, туку претставува душевно задоволство за секој граѓанин албанец во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи некој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за, нека крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Мерсил Биљали.

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање два нови става 2 и 3 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Мерсел Биљали.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда , Хисни Шаќири Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Горѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г.дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Еве, овој амандман што се предлага нема многу врска каде и како ќе се употребува, туку има со пари. Владата бара пари и ќе казни ако се употребува спротивно со овој закон.

По нашето мислење не може да се казни прекршок со парична казна од 50 до 200 иљјади денари правно лице затоа што ќе го употребува своето национално знаме, во спротивност со контрадикторниот предложен член 4. Тој е антиуставен. .Ниту пак за иста употреба од 30 до 50 иљјади денари или со казна затвор од 30 до 40 дена. Нема да има  другари, господа, место во затворите во Македонија за еден милион албанци. Да.

Или, одговорно лице, на правно лице, а тоа се знае дека ќе бидат албанци кои ќе ги изразуваат желбите на сите албанци. Нема да биде веќе групи, екстремисти, сепаратисти како што беше порано, туку сите ќе бидат како еден. Исто така како носители на суверенитетот на РМ.

Суверенитет толку колку што се по број. Како голема популација, над која не може да биде никаков суд. Народот сам ќе суди. Или пак дискриминаторски или антиуставен закон како што е овој што се предлага и се наметнува со наведена мајоризација во денешниот прогресивен демократски свет со што нема никаква врска ова што се случува во нашава убава РМ, за жал.

Од овие парични казни се обидува да се наполни и на овој на- чин касата на владеачката партија и Владата на РМ, додека со казна затвор да се поништи човековото достоинство на албанците.

А на вас , другари, господа, ви требаат пари за предвремените избори што ќе ги изгубите секако. Доаѓа на власт нова сила, вонпарламентарна и парламентарна опозиција и вие веќе ги броите не месеците туку неделите и деновите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за, нека крене рака? ( 6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава IV и лов член 6-а поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Горѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Наќе Стојановски.

XVII/7

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Се извинувам за времето што ќе ви го одземам со оглед дека амандманот го образложив во општата расправа иако не беше стигнат. Само сакам поради јавноста да се обнароди и да го прочитам амандманот По членот 6 се додава нова глава IV и нов член 6-а кои гласат:

**"IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 6-а

Доколку припадниците на одредена националност изберат или употребуваат знаме за изразување на својот идентитет и националните особености, кое ќе биде идентично со државното односно со националното знаме на странска држава одредбите на членовите 3 и 5 од овој закон ќе се применуваат откако РМ и странската држава за чие знаме станува збор го ратификуваат меѓусебниот државен договор за таквите знамиња на својата територија".

Јас, откога беше образложен овој амандман, се водеше општа и поединечна расправа, јас, ниту од предлагачот сега во оваа прилика ниту од било кого во оваа сала слушнав некој аргумент зошто може да не биде прифатен овој амандман.

Јас би сакал. макар едно поединечно мислење што ќе се спротивстави аргументирано на овој амандман  и тогаш би го повлекол амандманот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Каров.

XVII/8

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Еве поединечно, по барањето на колегата Наќе јас би се изјаснил како образложение по амандманот и по гласањето за амандманот ќе дадам.

Денеска, често пати од колегите се повикуваме на избирачите па мислам дека тоа што ќе го кажам има основа и кај моите избирачи.

И по амандманот и по самото предлог- решение, тоа што би се надоврзал би се надоврзал на амандманот на колегата Наќе Стојановски РМ перманентно покажува и чувствува грижа и разбирање за остварување на корпусот за остварување на човековите права воопшто и во заштита и унапредувањето на правата на националностите. Тоа државата не го прави заради некој друг, туку заради сопствените потреби, приоритетно и исклучиво заради сопствените потреби во зацврстување на стабилноста, сувереноста и територијалниот интегритет на РМ.

Не случајно РМ прифати принцип на усогласување на тие права на еден повисок стандард или едно повисоко ниво на стандард и на заштита и на унапредување на тие права. Токму затоа и државата и токму затоа и РМ не ги симнува стандардите на ниво од стандардите за правата на националностите на некои од соседните земји.

И денеска, со самото предлог -решение што се нуди се предлага и регулира право произдезано од традициоцалноста и колективната свест и волја на националностите својата особеност да ја изразат низ симбол и знаме и самото излегување со амандманот на колегата Наќе Стојановски, самото извлекување на симболот знаме од практикуваниот принцип на применувани повисоки стандарди врз принципот на реципроцитет, мислам дека не е во интерес на РМ.

Благодарам, не гласам за овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Би го запрашал колегата Наќе со оглед на тоа дека е правник, па би го искористиле и присуството на министерот да назначи во легислативата на било која земја, постои со закон да се обврзе одредена држава да ратификува меѓудржавен договор. Ратификување на договори може да почне со иницијатива на одредена држава, може да иницира такво прашање РМ, меѓутоа, тоа со закон да го обврземе, мислам дека нема пример во легислативата на било која земја. Нека повелат нека ми назначат барем еден пример од таа свера.

Благодарам.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

За жал јас не чув аргументација ниту во едниот ниту во другиот. Затоа што амандманот ниту во рестритктивнона понуденото решение од предлагачот, ниту зафаќа една буква во суштината на предлогот и од формално правен аспект, ниту има рестриктивен приод на решенијата, внатре. Тоа е првата работа.

И, втората работа е дека амандманот не се однесува за ратификација на овој закон, туку за меѓудржавен договор, едноставно решенијата се усвојуваат од овој Парламент, амандманот тоа го бара на начин кој го предлага тоа Владата, апсолутно со полн капацитет, сто проценти, се поставува услов на одложно одлагање заради заштита на достоинството на РМ. И заради унапредување на меѓудржавните односи особено на меѓусоседските односи со државите. Тоа е нужен предуслов и за инкорпорирање на овие простори во идните европски текови.

Сакале или не прашањето дека РМ може да изгради легислатива во овој дел и во другите делови на човечките права со високи стандарди, а при тоа неводејќи сметка дека тоа треба на исти начин со помал или поголем интензитет да го прават и другите држави од опкружувањето од овој регион, значи илузија дека РМ ќе може да се инкорпорира во европските текови. Тоа впрочем не само еднаш ни е укажано, тоа впрочем и е против природата на нештата за интеграција. Благодарам за вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(осум пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов .

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

XVIII/3.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

После сето ова, бар овој амандман требаше да се прифати, т.е . да не влезе во сила никогаш. Зошто? Јас имам тука една друга работа и состојбата е колку толку авансирана. Значи Владата беше принудена на некој начин да признава, значи немаше излез од вистината и свесна е , а свесни сте и вие сите тука присутните особено од владеачката партија дека ова знаме навистина не е знаме на туѓа држава, на туѓа земја, на Република Албанија, а ние преку нашите излагања и амандмани се обидовме од историска гледна точка, правна, политичка, реална да и докажеме дека не е во прашање воопшто загрозување на суверенитетот , дека со тоа знаме се бореле заедно Албанци, Македонци и други, па не било ништо. Меѓутоа, кога сме сега веќе некој ќе рече на четвртина пат, некој до половина пат, да ви кажам дека може би, ова ќе се употребува, вие сега ќе гласате, нормално, а ние ќе ви покажеме и докажеме, како ќе гласаме, тоа се знае, не.

И, значи кога сме тука, дека ова знаме не е на туѓа држава, не е на странска држава, туку Албанците во цела Македонија , треба да ми верувате го чувствуваат нормално како свое знаме, тука , во Македонија, национално знаме. И, не им паѓа на памет дека тоа има врска со' Албанија, дека* Албанија -ќе бара нешто од Македонија преку ова знаме. Преку платно и знаме не се бара место, територии, да знаете и тоа.

И, да ви покажам поконкретно затоа што можеби ќе биде и може да има со употребата, конкретно сега и фалсификување на знамиња, орелот директно добро, вертикално, наопаку, ваму таму, дека треба да биде навистина не знамето на Албанија и на странска држава, туку точно знамето на Албанците, значи во целиот свет и конкретно да не биде, да одговара.

Еве вака ќе изгледа конкретно знамето кое не е фалсификат.

(на говорницата го отвора Албанското знаме).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте тоа, не, ве молам, г-дине Рамадани, немојте да мавтате со знаме . Ве молам, немојте

(реакција на пратениците во салата)

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Немој ти тука, тука немаш работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата, ве молам. Напуштете ја говорницата

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не дозавршив јас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата. Напуштете ја говорницата. (реакција на пратениците во салата).

Молам, дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратеникот Благоја Силјановски, поднесе амандман за менување на член 7 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7, поднесен од пратеникот Благој Силјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

XVIII/5.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Г-дин Станковски има деловничка интервенција.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, го користам деловничкото право да кажам зошто нема да гласам за овој закон.

1. Дека не наоѓа основ во Уставот на РМ , не наоѓа основ во конвенциите, во теоријата и во меѓународното право и дека е против сите граѓани на РМ. Затоа овој закон не го поддржувам и нема да гласам за него.

**РАМИ ТУДА:**

Бидејќи предлогот за донесување на закон за употребата на знамињата преку кои припадниците на националностите го изразуваат својот идентитет и националните особености е рестриктивен, бидејќи не се земени во предвид нашите амандмани и не се респектираат нашите забелешки, сугестии и предлози, убедени дека како и секогаш па и во овој случај ќе бидеме надгласувани, затоа нашата Парламентарна група на ПДШ, односно Демократска партија на Албанците ќе бидеме принудени да пред самиот акт на гласањето да ја напуштиме собраниската сала. (пратениците од ДПА ја напуштаат салата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Симјановски баравте збор?

(г-дин Симјановски рече дека ќе се јави за збор после гласањето).

XVIII/6.-

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали има некој против? (23 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за употреба на знамиња преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености.

Господин Симјановски бара збор. (Реакција на пратениците во салата).

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе овозможете да говорам.

Бидејќи изразувам сомнеж во резултатите од гласањето.... (Реакција на пратениците во салата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Варам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснување за гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да седнат пратениците. (Реакција на пратениците во салата).

Повелете господин Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Бидејќи изразувам сомнеж во резултатите од гласањето, барам деловнички, истото да се изведе поединечно и истовремено повикувам на поддршка од 10 пратеници. (Реакција на пратениците во салата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, има поддршка од 10 пратеници. Поддршка има, меѓутоа нема основ за сомнеж. Ве молам, со толкаво мнозинство да се сомнева во гласање, мислам дека е непримерно. Но, деловнички има право.

Молам секретарот да помине на поединечно гласање.

Абдурахман Алиги бара процедурално.

**ДУРАХМАН АЛИТИ:**

Деловничкото право постои, меѓутоа, и заради пратениците и заради целата македонска јавност сакам да речам дека се работи за типичен пример за злоупотреба на права. Нека им е на чест.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, преминуваме на поединечно гласање, молам секретарот да покине на поединечно гласање.

**ЃОРЃИ СТРЕЗОСКИ:**

| | |
|---|---|
| Фаик Абди | (не е тука) |
| Газменд Ајдарага | (за) |
| Јане Ангелоски | (за) |
| Абдурахман Алити | (за) |
| Стојан Андов | (против) |
| Бранко Арсовски | (не е тука) |

XVIII/8.-

| | |
|---|---|
| Горѓи Атанасов | (за) |
| Амди Бајрам | (за) |
| Љупчо Беличев | (за) |
| Рубинчо Белчевски | (за) |
| Мерсел Биљали | (не е тука) |
| Игнатие Богдановски | (за) |
| Слободан Богдановски | (за) |
| Иван Бојков | (за) |
| Јордан Божиновски | (за) |
| Атанас Вангелов | (против) |
| Абдуљади Вејсели | (за) |
| Кире Видимче | (не е тука) |
| Димитрија Вревезоски | (за) |
| Александар Гештаковски | (за) |
| Илија Гоцевски | (за) |
| Туше Гошев | (за) |
| Владе Давитковски | (за) |
| Санде Давчев | (не е тука) |
| Слободан Даневски | (против) |
| Лазар Димов | (против) |
| Драган Ѓорѓиев | (за) |
| Сами Ибраими | (не е тука) |
| Љубисав Иванов | (не е тука) |
| Мирко Иванов | (за) |
| Александар Ивановски | (за) |
| Јаким Ивановски | (не е тука) |
| Митко Илиевски | (за) |
| Александар Јакимовски | (за) |
| Живко Јанкуловски | (за) |
| Зеќир Кадриу | (не е тука) |
| Звонко Каров | (за) |
| Илија Каров | (против) |
| Стојче Ковачевски | (за) |
| Борис Костаќев | (за) |
| Славко Котевски | (за) |
| Марјан Котлар | (не е тука) |
| Аце Коцевски | (против) |

XVIII/9.-

| | |
|---|---|
| Зоран Крстевски | (против) |
| Ратка Куљан Зогравска | (за) |
| Јован Лазарев | (не е тука) |
| Мирко Лазаревски | (против) |
| Персида Малинска | (за) |
| Назми Маљичи | (за) |
| Ристо Марковски | (за) |
| Ристо Масев | (за) |
| Љупчо Мешков | (против) |
| Дане Милошевски | (за) |
| Панчо Минов | (против) |
| Драган Митевски | (за) |
| Илинка Митрева | (против) |
| Бранирод Михајловски | (за) |
| Џеладин Мурати | (за) |
| Ферид Мусовски | (за) |
| Слободан Најдовски | (против) |
| Панче Насев | (не е тука) |
| Димче Настоски | (за) |
| Славе Наумовски | (против) |
| Ване Наумовски | (за) |
| Симон Наумовски | (не е тука) |
| Марјан Начевски | (не е тука) |
| Јован Николов | (за) |
| Душан Николовски | (за) |
| Ристо Николовски | (против) |
| Борис Павлов | (за) |
| Тодосија Паунов | (не е тука) |
| Тито Петковски | (за) |
| Мирко Пецов | (не е тука) |
| Драгољуб Поповиќ | (не е тука) |
| Димитрија Поповски | (не е тука) |
| Љубомир Поповски | (за) |
| Никола Г. Поповски | (против) |
| Никола Р. Поповски | (за) |
| Абдурауф Пруси | (за) |
| Наџи Пурде | (не е тука) |
| Исмет Рамадани | (за) |

XVIII/10.-

| | |
|---|---|
| Сали Рамадани | (не е тука) |
| Хисен Рамадани | (не е тука) |
| Митко Ристевски | (за) |
| Нано Ружин | (за) |
| Благоја Силјановски | (за) |
| Наум Симјановски | (против) |
| Владимир Соколовски | (против) |
| Кирил Спасовски | (за) |
| Јован Србиновски | (не е тука) |
| Владимир Станковски | (против) |
| Наќе Стојановски | (против) |
| Пецо Стојановски | (за) |
| Томислав Стојановски | (против) |
| Благој Стефановски | (за) |
| Благоја Стојковски | (за) |
| Здравко Стојковски | (за) |
| Ризван Сулејмани | (за) |
| Мевљан Таири | (не е тука) |
| Вељо Тантаров | (за) |
| Зоре Темелковски | (не е тука) |
| Петар Талимџиоски | (против) |
| Николина Трајановска | (против) |
| Петре Трајановски | (за) |
| Милчо Трајков | (не е тука) |
| Ристо Трајков | (за) |
| Мирко Трипуновски | (не е тука) |
| Димитар Трпеновски | (против) |
| Рами Туда | (не е тука) |
| Блаже Филиповски | (за) |
| Сејфедин Харуни | (за) |
| Кенан Хасипи | (не е тука) |
| Љубомир Чадиковски | (не е тука) |
| Ванчо Чифлиганец | (не е тука) |
| Санде Џамбазоски | (за) |
| Арбен Џафери | (не е тука) |
| Алил Џафероски | (за) |
| Зоран Шапуриќ | (не е тука) |
| Хисни Шаќири | (не е тука) |

Дали остана некој непрозван? (Не).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да се договориме, во меѓувреме како ќе работиме

Да завршиме, продолжуваме утре. Ве молам, утре, закажуваме во 10 а доаѓате во 12. Немојте да закажеме во 12, а да дојдете во 14 часот. Јас не можам тука да почнам без мнозинство

Утре продолжуваме во 12 часот.

Бидејќи баравте да се гласа поединечно, сочекајте го резултатот.

Вкупно гласале 86 пратеници.

63 пратеника за

23 пратеника против.

Според тоа, констатирам дека Законот е усвоен.

(Седницата прекина со работа во 20,00 часот).